РАСТ

КНИЖЕВНОСТ

●

УМЕТНОСТ

●

КУЛТУРА

●

Број
14

Битола
2015

Р А С Т

СПИСАНИЕ ЗА КНИЖЕВНОСТ, УМЕТНОСТ И КУЛТУРА

Издавач:
Битолски книжевен круг – Битола

За издавачот
м-р Зоран Пејковски

Редакција:
м-р Зоран Пејковски, главен и одговорен уредник
Кире Неделковски, заменик на главниот уредник
Весна Мундишевска-Велјановска, уредник

ISSN 1409 – 9330
УДК 82+7+008

Битола, декември 2015 г.

E-mail:
spisrast@yahoo.com

Списанието „РАСТ“ излегува од 2001 год.

ПОРТРЕТ

ПОРТРЕТ
НА ПИСАТЕЛОТ
ВЕЛЕ СМИЛЕВСКИ

ВЕЛЕ СМИЛЕВСКИ
(*Био-библиоӣрафски ӣреӣлед*)

Лични податоци

Поет, романсиер, литературен критичар, есеист, книжевен научник, доктор по филолошки науки.

Роден во с. Ново Село, Демир-Хисарско, 6 мај 1949 година од мајка Мара и татко Мито Смилевски.

Од 1953 година живее во Битола.

Од 1968 година живее во Скопје.

Образование

Основно училиште „Стив Наумов“, Битола, 1964 г.

Гимназија „Браќа Миладиновци“, Битола, 1968 г.

Филозофски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје 1974 г.

Магистер по филолошки науки, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје 1978 г. Одбрана пред комисијата во состав: проф. д-р Александар Спасов (ментор), проф. д-р Миодраг Друговац и проф. д-р Томислав Тодоровски.

Доктор по филолошки науки, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје 1985 г. Тема: „Развојните процеси на македонската литература на страниците на периодиката (1945 – 1985)“. Одбрана пред комисијата во состав: проф. д-р Георги Сталев (ментор), проф. д-р Гане Тодоровски, проф. д-р Слободан Мицковиќ, проф. д-р Атанас Вангелов и проф. д-р Томислав Тодоровски.

Професионални податоци

Научен советник во Институтот за македонска литература при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Скопје (од 1985-2014)

Професор на Студиите по новинарство на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Скопје (од 1982-2014)

Новинар во „Нова Македонија“ (1971-1977)

Уредник за уметничка литература во издавачката куќа „Мисла“ од Скопје (1977-1980)

Уредник на емисијата „Литературен мозаик“ на Македонското радио (1980-1985)

Лектор по македонски јазик и литература на Карловиот универзитет во Прага (1994-1997)

Акредитиран новинар на Македонското радио за Средна Европа од Прага (1994-1997)

Студиски престои:

Руски стипендист на Универзитетот *Ломоносов* во Москва (во академската 1989-1990 г.)

На покана на Универзитетот *Ломоносов* од Москва остварил студиски престои во Русија и во 1993 и 1994 година.

Бил учесник на повеќе научни собири од меѓународен карактер, одржани во Македонија и во странство: *Македонско-руска научна конференција* (Охрид 1995), *Македонско-чешка научна конференција* (Охрид 1996), *Руската литература во контекстот на светските литератури* (Москва 1993), *Литературата на руската емиграција во културниот контекст на Европа во XX век* (Софија, 1993).

СЕГАШНИ АКТИВНОСТИ КАКО ПИСАТЕЛ

Претседател на Друштвото на писателите на Македонија;

Уредник во Издавачката куќа „Дијалог“ од Скопје;

Главен и одговорен уредник на Македонски книжевен гласник „Синтези“;

Член на Уредувачкиот одбор на едицијата „Македонска книжевност 135 тома”, на македонски и англиски јазик и на антологиски избори на македонската литература на седум јазици;

Бил:

Претседател на Советот на Струшките вечери на поезијата (1979);

Претседател на Собранието на Друштвото на писателите на Македонија (2010-2014)

Претседател на Друштвото на писателите на Македонија во два мандата (2000-2002) и (2002-2004);

Раководител на проектот „Македонски книжевен лексикон“ (од Св. Климент Охридски до денес), Институт за македонска литература;

Член на Организациониот одбор на Меѓународната манифестација „Рацинови средби“ во Велес;

Член е на:

- ✓ Друштвото на писателите на Македонија
- ✓ Македонскиот ПЕН Центар
- ✓ Руската академија на науките и уметностите
- ✓ Здружението на новинарите на Македонија

ПОЕТСКИ КНИГИ

- **„Слика што согорува“**, „Мисла“, Скопје 1974.
- **„Кафез**“, „Мисла“, Скопје 1978.
- **„Диши длабоко“**, „Мисла“, Скопје 1985.
- **„Одзив на здивот“**, „Македонска книга“, Скопје 1987.
- **„Подвижни точки“**, „Култура“, Скопје 1990.
- **„Гребнатинки“**, „Култура“, Скопје 1995.
- **„Педесет песни“**, „Макавеј“, Скопје 2000.
- **„Педесет допевања“**, „Дијалог“, Скопје 2005.
- **„Совршена тишина“**, „Дијалог“, Скопје 2009.
- **„Час по поезија“**, „Дијалог“, Скопје 2010.
- **„Забранета книга“**, „Дијалог“, Скопје 2011.
- **„Век за самување“** (поема), „Детска радост“, Скопје 2012.
- **„Век за приказ“**, „Дијалог“, Скопје 2013.

ЗАСТАПЕН ВО АНТОЛОГИИ НА МАКЕДОНСКАТА ПОЕЗИЈА:

Објавени во Англија, Индија, Полска, Словачка, Белгија, Израел, Русија, Србија, Турција, Албанија, Шпанија, Узбекистан, Италија, Чешка, Малезија.

ИЗБОРИ ОД ПОЕЗИЈАТА ОБЈАВЕНИ НА ДРУГИ ЈАЗИЦИ

- **„Кавез“** (на српски), „Графос“, Белград, 1979.
- **„Kafazi“** (на албански), „Рилиндија“, Приштина 1980.
- **„Priliv v zivem masu“** (на чешки), „Пегаз“, Прага 1997.

- **„Запретнаја книга“** (на руски), „У Никитских ворот“, Москва, 2011.
- **„The forbidden book“** (на англиски), Struga Poetry Evenings, 2012.

Проза

- **„Полицајка в кревет“,** роман, „Дијалог“, Скопје 2012.
- **„Дневникот на полицајката“,** роман (втор дел од трилогијата „Полицајка в кревет“), „Дијалог“, Скопје 2015.

Награди

Награда ***„Млад борец***“ за најдобра книга на годината од млад автор, објавена во Македонија (1974). За книгата „Слика што согорува“.

Награда ***„Крсте Мисирков“*** на Здружението на новинарите на Македонија за серија критики за тековната книжевна продукција (1982).

Награда на град Скопје ***„13 Ноември“,*** за стихозбирката „Диши длабоко“ (1985).

Награда за најдобра литературна критика во Македонија за 1988 година.

Награда на Друштвото на писателите на Македонија ***„Ацо Шопов“*** за најдобра поетска книга во Македонија за 2005 година, за стихозбирката „Педесет допевања“.

Награда на Меѓународната манифестација Македонски духовни конаци ***„Велја куштја“*** за поетската книга „Совршена тишина“ (2009).

Награда за поетски опус ***„Гоцева повелба“*** на Меѓународната манифестација „Гоцеви денови“ (2010).

Награда ***„Браќа Миладиновци“*** на јубилејните 50-ти Струшки вечери на поезијата, за најдобра поетска книга објавена меѓу два поетски фестивала, за стихозбирката „Забранета книга“ (2011).

Награда ***„Златен прстен“*** за поетски опус, на „Феникс“ и Фондацијата „Македонија презент“ (2012).

Орден ***Сергеј Есенин*** на Сојузот на писателите на Русија за стихозбирката **„Запретнаја книга”,** објавена на руски јазик во Москва, 2012.

Награда ***„Григор Прличев“*** за најдобра поема во 2012 година за поемата „Век за самување“.

Државна награда ***„11 Октомври“ за животно дело*** од областа на уметноста и културата (2012).

КНИГИ ЛИТЕРАТУРНА КРИТИКА И ЕСЕИСТИКА:

- **„Крстопати на зборот“**, „Мисла“, Скопје 1987.
- **„Критички нотес“**, „Македонска книга“, Скопје 1988.
- **„Поетика на сонот“**, „Студентски збор“, Скопје 1988.
- **„Книжевни посланија“**, „Студентски збор“, Скопје 1991.
- **„Процеси и дела“**, „Македонска книга“, Скопје 1992.
- **„Аспекти на македонската литература 1945-1985“**, „Култура“, 1993.
- **„Фокусирања“**, „Матица Македонска“, Скопје 1998.
- **„Литературни студии (Творештвото на Блаже Конески, Петре М. Андреевски и Горан Стефановски“**, „Култура“, Скопје 2000.
- **„Есеи“**, Институт за македонска литература, Скопје, 2001.
- **„Поетски текови“** (Студија за македонската поезија), „Штрк“, 2002.
- **„Димитар Митрев – Фотомонографија“**, „Дијалог“, Скопје 2004 година.
- **„Димитар Митрев како полемичар“**, „Дијалог“, Скопје 2006.
- **„Шеесет години македонски роман“,** „Дијалог“, 2012.

СОСТАВУВАЧ НА АНТОЛОГИИТЕ:

- „Македонската поезија во светот“ (антологија на македонски, англиски, француски, руски и германски јазик), составувач и предговор: Веле Смилевски. Издавач: „Дијалог“, Скопје 2002).

- „Македонскиот расказ во светот” (антологија на македонски, англиски, француски и руски јазик) составувач и предговор: Веле Смилевски. Издавач: „Дијалог“, Скопје 2010).

- „Современа македонска поезија“ – на македонски и англиски јазик (Во рамките на едицијата *Македонската литература во 130 тома).*

СОСТАВУВАЧ И ПРИРЕДУВАЧ НА КНИГИТЕ:

- „Македонската книжевност во книжевната критика“, пет тома (1974).- Кососта вувач.

- „Македонска поезија XX век“. Прилози за историјата на македонската книжевност („Македонска книга“, Скопје 1989). Приредувач, автор на предговор, библиографија.
- „Македонскиот расказ“. Прилози за историјата на македонската книжевност, („Македонска книга“, Скопје 1990). Приредувач, автор на предговор, библиографија.
- „Македонски писатели“, Био-библиографски зборник на Друштвото на писателите на Македонија (1987). Кососта-вувач.
- „Творештвото на Ацо Шопов“, Зборник (Институт за македонска литература, 1993). Приредувач.
- „Творештвото на Владо Малески“, Зборник (Институт за македонска литература, 1999). Приредувач.
- „Литературен преглед“ (1-6). 120 критички осврти за македонската книжевна продукција од 1980 до 1985 година. Издавач: Авторска агенција на Македонија, на македонски и на англиски јазик.

КНИГИ ОД ДОМЕНОТ НА ЖУРНАЛИСТИКАТА

- **„Новинарски лексикон“** (со примери)
- **„Аспекти на новинарската теорија и практика - Жанрови“**
- **„Новинска критика“**
- **„Илјада новинарски термини“** (на македонски, англиски, француски, германски и руски јазик)
- **„Основи на новинарската теорија и практика“**

ФЕЉТОНИ

„Македонија во делото на Павел Н. Милјуков“

- „Четиридецениска преокупација“
- „Европската дипломатија и македонското прашање“
- „Рамнодушноста на Европа“
- „Војна и мир на Балканот“
- „Македонска точка на гледање“
- „Спомени за Балканот и за Македонија“

(Шест продолженија во весникот „Нова Македонија“ објавувани секојдневно од 27 август до 1 септември 1993 година)

РЕПОРТАЖИ

„Московски записи“

- „Палимпсест: Арбат“
- „Корења и ѕвезди“
- „Камена книга“

(Три продолженија во весникот „Нова Македонија“, објавувани во текот на април 1994 година)

Заедничка фотографија со добитниците на наградата за животно дело (МАНУ - 2012)

Веле Смилевски добитник на
државната награда за животно дело
„11 Октомври“ (МАНУ, 2012)

ОСВРТИ

Георги Старделов

НОВИОТ ИСТРАЖУВАЧКИ ДУХ ВО ПОЕЗИЈАТА (Кон „Забранета книга“ од Веле Смилевски)

Не нè изненади прогласувањето на „Забранета книга“ на Веле Смилевски за книга на годината во македонската поезија меѓу последните две Струги. Таа награда, наспроти вредноста на неговата поезија, не можеше повеќе да се одлага, па така годинава се случи некако самата од себе, како нешто очекувано.

„Забранета книга“ се појави во нашата поезија во едно непоетско време, („во градот има, вели поетот, сè повеќе sидови /и сè помалку поети“); во време на извесна истрошеност и истоштеност на истражувачкиот дух во нашето поетско творештво, но и со некое претчувство дека големите песни во македонската поезија се испеани, а големите, песни пак што се пеат сега како и да не ги забележуваме. Ги гледаме, ги листаме по книгите и списанијата, ама, за жал, не можеме да ги видиме и нив да ги афирмираме. Во ваква една атмосфера што подолго трае се соочувавме и се соочуваме со досегашните дванаесет книги, и со последната од нив, „Забранета книга“, на еден исклучителен поет од посебен ков: Веле Смилевски, поет со висок поетски и длабок интелектуален творечки капитал. Тоа се гледа од фактот дека во неговата поезија се вградени песни, или стихови на големите поети на светската поезија; во неа нè озаруваат големите предели на светската митологија; одsвонуваат големите космогониски епови и светски познатите митови, осовремени во негово нивно толкување како да се сегашна стварност, па во еден миг ќе си помислиме дека тие се случуваат денес. Во неа и од неа зрачат сложени и најкомплексни библиски теми; тука се Мојсеевите книги на битието, на постанокот на светот, познат уште како генезис. Веле Смилевски во својата песна се вмешува во Божјите работи, слично на поетите во античките трагедии, па кога ќе го чуе гласот Господов *Нека биде светлина*! со тоа што таа ќе се раздели од темнината, во него нешто се бунтува па тој ќе рече дека не го прифаќа *разделувањето* како принцип во создавањето на светот, па макар тоа било и Божјо. Тој мисли дека Бог избрзал. Тој има оправдување за Него, бидејќи шесте дена што му стоеле на располагање биле апсолутно недостатни, зашто за тие дни Тој можеби и можел да го создаде светот, но тие биле не-

достатни Тој да го просуди својот создавачки чин – исправен ли бил или не? Неговиот аргумент против создавањето на светот со разделување е и за Бога уверлив: „Затоа што ако не се делеа нештата, / ако од едно не стануваше друго / и ние ќе бевме со Тебе, / и Ти со нас“. На тој начин Веле Смилевски го изедначува Поетот и Создателот во нивната создавачка сила па затоа Поетот го презема врз себе ризикот да го корегира дури и Божјото создавање на светот, свесен притоа, дека е тоа ризичен и опасен чин, зашто ниту еден Бог не трпи друг Бог до себе. Ама, како што пееше Хелдерлин таму каде што е *опасното* таму се крие и *спасоносното*.

Веле Смилевски е поет со богата и рафинирана култура која во неговото поетско творештво ги има во себе, како свои водечки поетички начела, оние Спинозини принципи *natura naturans* и *natura naturata*, т.е. поезијата е создадена, но таа трае како создавачки чин. Затоа, имено, тој ја открива својата поезија низ поезијата истовремено осознавајќи ја неа, односно рефлектирајќи ја и осмислувајќи ја нејзината сушност во самиот чин на нејзиното создавање („Час по поезија“). Од поезијата на светот Веле Смилевски ја создава својата поезија за светот. Во неа нема ништо од оној наш регионален колорит, од оној отворен и гласен патриотски занес со кој е толку густо населена нашата денешна поезија. Има, тој, несомнено, и една таква *патриотска песна*, но во неа тој ја открива, како што вели, *својата ментална историја*, го открива *големо̄то светско царство со кое целосно господари со векови*.

Во поезијата на Веле Смилевски воопшто, како и во последната „Забранета книга“, се исполнуваат и се проникнуваат во една целина сите негови книги. Го велам тоа уверен дека – на пример, книгите: „Час по поезија“, „Совршена тишина“ и најновата „Забранета книга“ за која зборуваме – сето речено за една од нив, се однесува, истовремено, и на сите нив, толку, имено, е поетички кохерентно неговото поетско искуство и неговите поетски идеи. Во нив Веле Смилевски користи некои реторички фигури од античката реторика, внесувајќи во нив своја нова и модерна содржина и издигнувајќи ги нив во свои базични поетички начела. Меѓу нив, секако, треба да се споменат: *парадоксот*, потоа: *quid pro quo*; *pars pro toto*; па *паралогата* и *паратаксата*; *пародијата* и *парапоетското* воопшто.

Ќе се задржам нешто подолго на првото начело, односно на парадоксот. Што се однесува до него, т.е. до она што е *нео-*

бично и *неочекувано* во неговата песна кои грмнуваат како гром од ведро небо, треба да речам дека оние нешта што во песната се спротивни во себе и противречни на себе, наеднаш се проникнуваат во неа и стануваат едно, па така за парадоксот – како поврзување на зборови, метафори, идеи, рефлексии, стихови та дури и цели песни што меѓусебно си противречат една на друга, друга на трета итн. – избива во преден план. Неговата поезија просто врие од бројни интелектуални, морални, поетски, семантички, синтаксички, фонолошки, јазични, филозофски итн. парадокси. За него, на тој начин, поетската вистина не е еднозначна туку полизначна. На пример, во прологната песна од „Забранета книга“, насловена „Концепт за книга“, веќе првите стихови во неа гласат: „Ниту една книга не може да биде / забранета книга“, бидејќи „ниту имало, ниту ќе има / забранета книга“.Но, само по некоја песна, токму во песната „Забранета книга“,се кажува нешто што е целосно спротивно и спротивставено на првото сознание, т.е. дека овој наш човечки свет го следат, од колепка до гроб, само забрани, дека тој се одвива во бројни и катадневни забрани што ја откриваат нашата цивилизација како *репресивна цивилизација* (Маркузе). Во таа, имено, песна, во еднина и во множина, во машки, женски и среден род, ни повеќе ни помалку туку точно 60 пати, секој нејзин стих од сите 60-те во песната, почнува со *забрането*, *забранета*, *забранет*, *забранети*, па човек да помисли како сè е во овој наш свет да е забрането:

Стихозбирката „Забранета книга“ за која Веле Смилевски ја доби наградата „Браќа Миладиновци“ на јубилејните 50-ти Струшките вечери на поезијата

Забранета магла на ветар
Забранет ветар пред магла
Забрането слободно паѓање
Забранета забрана за забрани
Забранет зборот непреќутен, зборен
Забрането трагање според „Nevermore“!
Забранета книга ширум отворена. итн.

Но тој философски парадокс дека, од една страна, нема ниту имало забранета книга, наспроти толкупати повтореният глагол, *забранувам* во сите негови глаголски форми, од друга, наеднаш на поетички план ја исфрла и нагласува базичната поетска фигура на певот во поетиката на Веле Смилевски, а тое е *рефренот*, односно повторувањето на еден збор или синтагма многу или безброј пати. Тоа негово мултиплицирано аплицирано откритие на рефренот, применето во сета негова поезија, не само што ја интензивира мелодиската, сонорната страна на песната, туку, заедно со тоа, таа со него остварува длабок засек во длабочината на нејзините метафизички пластови. Рефренот, така израснува во врховен поетички принцип во поезијата на Веле Смилевски. Него го среќаваме ако не во сите, тоа, секако, во најголемиот број негови песни во разни деривации. За тоа можат да се наведат бројни примери. Ќе ја истакнам од „Забранета книга“, како показ на неговата поетска парадигма, песната „Книгата ѕид“. Во неа зборот *ѕид* се среќава, исто така, во секој стих и тоа околу 37 пати, 21 пати како припев, т.е. на почетокот на стихот и 16 пати како допев, т.е. на крајот од стихот:

Ѕид што се поместува
Ѕид што сонува
Ѕид од усвитен камен
Ѕид што прашува
Ѕид без одговор
Од онаа страна на ѕидот
Од оваа страна на ѕидот.

Така на една стара поетичка фигура каков што е рефренот, Веле Смилевски ѝ дава сосема модерна, формална и содржинска, односно звучна и философска, конотација. Неговата песна со рефренот, сугестивно и оригинално звучи, длабоко на-

гласувајќи ја поетската идеја, давајќи ѝ токму нејзе предност. Со тоа нејзината рефлексивна димензија се здобива со поголема поетска сугестивност: песната пее и мисли, мисли и пее!

Обрнав внимание на овој надворешен белег на неговата песна што ме плени како иновација, но Веле Смилевски открива и реактуализира уште многу негови интересни поетски откритија во толкувањето и примената на реторичките фигури, за кои, инаку пишувам во веќе почнатата монографска студија за неговата поезија. Ќе дадам само уште еден пример за исклучителната вредност на рефренот во поезијата на Веле Смилевски, особено што се однесува на рефренот во раскоренувањето на зборот во неговиот поетски јазик. Има во него нешто од дадаистичкото искуство на јазичните игри, нешто од експериментот на Хлебников, а со преструктурирањето на буквите во зборот *книга*: книга, гакни, инкаг, гинка со играта на графемите (како во песната „Т.н. книга“), и со графичката распореденост на песната неа тој како да ја црта, а не пее:

книга – книжна
гакни – расеана
инкаг – раскурвена
гинка – разулавена
кинга – раскостена
на к – кудена
на н – нудена
на и – исцедена
на г - грдосана
на а – алосана
книга т.н.

Но во дадаизмот на Веле Смилевски има еден негов сопствен колорит. Него го гледам во повеќето лаконски стихови кои се некој вид пеење како цртеж со зборови, создадени со поднослива леснотија, со логичка необврзаност, а со т.н. дада-хумор песната ја доживуваме со некоја безгрижност и релаксираност, при што во неа мотивите и темите се јавуваат, блеснуваат и се губат дисконтинуирано, соочувајќи нè со единствената архитектура на неговото поетско Јас, од една, наспроти перманентната јанусовска книжевна физиономија на песната, од друга страна. Неговата песна не е социјална, таа не протестира туку се подбива; таа не лелека за маките и грижите на обесправените, ниту

пак лелека по интимните пориви и внатрешни болки на личноста. Со тоа Веле Смилевски како да сака да рече, слично на дадаистите, дека песните пишувани со крв се осредни и досадни песни. Но во тоа неговата песна го демистифицира романтичарскиот сентиментализам и секоја праисконска романтика која во неговата поезија завршува во еден *демонолошки романтизам*, обземен пред сè со чистиот занес и игра на духот. Таа е некоја надреална фантастика со која повеќе ги доближува физичките конкретни предмети до нас. Веле Смилевски е поет на една силна вербална екстатичност, поет на големи поетски гестови и поетски стремежи кон прекумерност и слаткоречивост, но и кон груба вулгаромерност (парапоетското) за со нив едноставно да нè растрезне и на тој начин лежерно да ја раскаже во песната својата животна приказна и приказната за нашето постоење воопшто од каде и доаѓа елементот на наративност во неговата поезија. Но со својот социјален и емоцијален индеферентизам и наспроти него, Веле Смилевски го изразува во својата поезија своето радикално непомирување со светот. Па така ако го бараме единството на неговото поетско начело, реализирано во магновение, во некој молневит мимолетен зборовен елан, тогаш ќе речеме дека е тоа засновано врз единството на негацијата на светот. Тој не е согласен со постојниот човечки свет, ниту со Лајбницовиот оптимизам дека овој свет е најдобриот од сите можни светови. Напротив. За него обратното е факт. Затоа неговото поетско искуство е субверзивно и разурнувачко и токму во тоа начело неговото поетско творештво го доживуваме и откриваме како беспоштедна средба на духот со опачината на светот. И во тоа неговата поетска философија е во постојан растеж и најсестрано се изразува во поентата на песната „Младиот кедар“ на Блаже Конески, во која се вели оти младиот кедар сфатил дека најважното и најсудбоносното во животот е да *никнеш*. И така овој поет никнеше, растеше, се извишуваше за да стаса на ова високо денешно поетско дрече. А во тоа негово никнење и растење има систем. Тој е воспоставен во неговата книга „Час по поезија“, како час за неговата поезија, сфатена како поетска трилогија од книгите: „50 песни“, „50 допевања“ и „Час по поезија“, 50 поетски коментари.

Кога ќе се фрли поглед на последните три книги песни на Веле Смилевски: „Совршена тишина“, „Час по поезија“ и „Забранета книга“, би можело да се помисли, дека тој го гледа и открива светот – *тајната на совршената тишина*, *тајната на по-*

езијата и тајната на книгата – сегментарно. Но кога ќе се продре подлабоко во секоја од овие три негови базични книги одделно, дури тогаш ќе се открие дека кај овој поет станува всушност, збор за неговата амбиција поезијата да го опфати светот интегрално, не само фрагментарно и сегментарно како што на прв поглед се причинува.

Тоа ќе го образложиме низ токувањето на фундаменталната метафора за светот и човечката вселена – книгата. Така, Веле Смилевски, говорејќи за книгата, говори, всушност, за трагичната судбина на светот. Во сите оние метафори, симболизации и сублимации низ кои се гледа и открива книгата, се гледа, всушност и открива светот. Трагајќи по битието на книгата тој сака да дојде до битието на светот. И токму во тоа единство на книгата и светот се открива сушноста на неговиот поетски експеримент.

Ќе го разгледам него на тој начин што ќе го соочам и споредам со големиот експеримент на Стефан Маларме, наречен *Livre*, т.е. *Книга*, односно книгата сфатена како тотално дело, токму такво какво што сака да создаде и Веле Смилевски. Тоа што го изјавува Маларме, тоа, истото, но во сосема спознателна обратна и инверзна смисла, го прави Смилевски. За Маларме во неговиот експеримент Livre нејзината сушност тој ја гледа за во тоа да дојде до познатата негова реченица: „Un livre ni commence ni finit; fout au plus fait-il semblant“, при што клучната негова теза гласи: „Le Mond existe pour aboutur a in Livre“. Маларме, значи, гледа на книгата како динамичен споменик кој постојано се гради и доградува како споменик на светот за светот со своја граматика, морфологија, синтакса и типографија во распоредот на текстот. Таа така малармеовски сфатената книга претставува полиморфен плуралитет и како таква таа не може да биде определена со ниту една релација дадена еднаш и засекогаш. За разлика од Маларме, Веле Смилевски ја трансформира клучната реченица на овој француски поет и мислител *Светот постои да се заврши и да се дојде до една книга*, *во следнава инверзија: Книгата постои за да се дојде до светот*, да се допре и да се сфати светот, т.е. да се открие и да се сфати светот во неговата целост каков што е светот. Затоа експериментот на Смилевски во „Забранета книга“ не е само книжевен туку истовремено и експеримент со светот, зашто кај него се покажува дека експериментот со книгата е, всушност, експеримент со светот до кој, меѓутоа никогаш не ќе може на есхатолошки начин да се дојде,

зашто, како што вели во еден свој стих Веле Смилевски: „Ние сме деца на тајниот концепт на Неизреченото“. Светот е неизречен, ниту доречен, ниту преречен, ниту поречен. Светот е отворен исто така како и секоја книга пред таинственоста на светот, зашто „средишната точка е почетокот на вертикалата / што води во непрегледна бездна“. Така било и така останало тоа резимирано и во прашањето на Сангвинети, кое Веле Смилевски го формулира на овој начин: *живеам за да сфатам зошто пишувам*, *пишувам за да сфатам зошто живеам* и во тоа *живеам* откриваме дека книгата на раѓањето е веќе *заборавена книга*, дека *книгата на љубовта* ја има истата судбина. Само, вели Смилевски, *книгата на смртта* е книга што трае во својата бесконечност, зашто во книгата на смртта сме најблиску до животот и до вечната куќа, т.е. „до заминувањето во вечноста“ и до правта земна.

Георги Старделов, Славе Ѓорѓо Димоски,
Веле Смилевски и Матеја Матевски (2013)

Матеја Матевски

ПЕСНА ЗАГЛЕДАНА ВО СЕБЕСИ
(Читајќи го Веле Смилевски)

Времето од првата книга стихови „Слика што согорува“, објавена во 1974 година, до последната - „Час по поезија“ - 2010., Веле Смилевски го исполнува, покрај со десетина критичко-есеистички и научни дела, со уште седум поетски книги: „Кафез“ (1978), „Диши длабоко“ (1985), „Одзив на здивот” (1987), „Подвижни точки“ (1990), „Гребнатинки“ (1995), „Педесет песни“ (2000), и „Педесет допевања“ (2005 година), - творештво со кое тој зазема значајно и посебно место во нашата литература. Критиката заслужено, сериозно и аналитички ја разгледа неговата поезија, особено до 1985 година (со „Гребнатинки“), но останува, во контекстот на новите и различни поетички тенденции на неговата генерација и на состојбите и достигањата на нашата литература до денес, да се пристапи кон поцелосно осветлување на неговата поетика, на вредностите негови и на неговата поетска посебност.

Пишувајќи за првиот период (до 2000 год.) на поезијата на Веле Смилевски, Влада Урошевиќ го искажува својот аналитичен поглед со синтетизирано нејзино означување како „нова слика на светот, блескава, изненадувачка и збунувачка.“ Тој говори за „нешто разурнувачко во сликите“, за „намерна хаотичност“, што водат кон разградување и уништување на целината. Слично е мислењето на Данило Коцевски, кој гледа во неа „деструкција на некои конвенционални облици“ и „кршење на сликата“, додека Раде Силјан подвлекува дека необичниот завлек по јазикот и исказот ја имаат својата подлога и во суштина се поттикнати од самата реалност. Според мое сознание, - нешто што го доближува Велета Смилевски до искуствата на некои авангардни поетики.

Таквата авантура на поетскиот јазик и израз, на поетичката структура, таа неочекувана, заводлива и привлечна провокативност го има својот одглас и во мислењето на други критичари, што, заедно со цитираните, говорат за

незадоволство со јазикот и за барање на негови нови можности, значења, слоеви, во стегнатата, скржава, елиптична загатливост, во неговата непредвидливост, онеобичување, недореченост. Таква би била сведената скица на портретот на песната на Веле Смилевски, создадена од критиката и од моето препрочитување на овој негов модерен и за нашата поезија исклучителен творечки завлек. Со книгата „Педесет песни“ (2000 год.) Веле Смилевски, речиси радикално, но сепак во поетички, духовен и интелектуален континуитет и љубопитност, ни нуди свое посебно видување на песната и на животот и светот во неа. Јас ги имам пред себе трите необични наслови на „Педесет песни“ (2000), „Педесет допевања“ (2005) и „Час по поезија” (2010), тој нов поетски корпус што го обележува неговото творештво во последниве десетина години. Тоа е убав повод барем бегло да се искажат впечатоците од нивното прочитување, да се направи обид да се осветли сликата на тоа пеење што продолжува да изненадува, возбудува и восхитува со својот љубопитен и истражувачки дух и со својата чувственост и рефлексивност.

Божин Павловски, Веле Смилевски и Матеја Матевски (2010)

Во оваа целина од три книги Веле Смилевски го прави својот исчекор во својата поетика, поставувајќи го пред

себе, и пред читателот, на еден експлицитен, комуникативен и поетски промислен поетски јазичен исказ суштественото, егзистенцијално прашање на пишувањето, на пишувањето и животот во нивно неразделно единство. И на животот сам, преку еден отворен критички и ироничен дијалог со светот, приземјен во песната, со неговите универзални човечки морални вредности и поревања. Тоа тој го искажува уште во првите „Педесет песни“, варирајќи го со цитати, интерпретации и коментари на стихови на Сангвинети ова суштинско прашање на поетот и поезијата, постапка што во разни поетички облици ја повторува во трите поетски книги. Со неа тој на својата поезија творечки, естетички и интелектуално ѝ отвора еден широк и недогледен пат, иако слични јанси во поинаква поетичка постапка заискруваат и се провлекуваат и низ одделни стихови од неговата претходна поезија.

Прашањата не се нови, ниту замисленоста врз нив. Не треба да се потсетуваме на примери, почнувајќи од далечното минато на песната, и на нашата современа. Но тоа на кое Веле Смилевски му го посветува својот сензибилитет и интелектуален капацитет е првпат во нашата поезија, на ваков начин, целосно, во еден голем корпус од стихови да се проговори и пее за нив толку опфатно, многустрано и конзистентно, просеано низ авторовото творечко и ерудитивно сито и искуство, со тоа и субјективно, персонално и автентично.

Од првиот до последниот циклус на првата книга од овој триделен зафат, до „Педесетте допевања“ и до стиховите од „Што е поезија“, доследен на својот сензибилитет, но со варирање и дополнување на својот исказ, овој наш поет со автентична дарба и чувственост, што го бара својот сопствен глас во сложениот и заводлив лавиринт на лектирата и ерудицијата на упатен естетичар, го опсипува читателот со бројни поетски мотиви, создавајќи го од нив единствениот свет на поезијата. Неговата поезија другарува, разговара, расправа со многу автори и песни, и учи од нив, и од мотиви, митски и историски, до денешни дни. Сиов поетски корпус на Веле Смилевски, обземен од феноменот на песната, се гради врз искуствата нејзини од самото нејзино создавање. Поаѓајќи од постмодернистичката постапка,

преку повикување на древните митови и мотиви и на современите сознанија, преку автори и песни, користејќи цитати, коментари, допишување, интерпретации и асоцирања, преку нивно прифаќање, афирмација, иронизирање или пародирање, преку варирање и палимпсестно пресоздавање, се создава една поезија на непосреден, комуникативен, разговорен јазик, јасен и читлив, во кој се вградени неговата мисла, неговите естетички идеи и неговиот поетски сензибилитет. Тој колоквијален, комуникативен јазик, во посочената постапка, нуди многу слоеви, многу толкувања што го градат сложеното здание на неговата поезија, здание во постојано градење.

Постојаното (и трикратно) навраќање на Библијата, на Адам и Ева, на Ное и Потопот, на митологијата и историјата, на Хомер, Одисеј и Пенелопа и на многуто околу нив и во нив, на бројните автори и современици (Стренд, Ружевич, Херберт, Борхес, Бурич, Станеску, Миладинов, Жинзифов, Конески, Хандке, Притам, Целан...), покажува по какви се патишта Смилевски се среќава, соочува и дружи со феноменот на песната. Сите понудени пристапи и поетички методи колку што се субјективни и го ангажираат самиот автор во оваа поезија, уште повеќе му се препуштени на рецепторот, на читателот, на љубопитниот субјект, зависно од неговата приврзаност за поезијата, од неговиот сензибилитет и интелектуален профил и подготовка.

Својот постојан дијалог, коментарите и потребата на докажување, на допевање, Веле Смилевски ги развива во неговата втора и трета книга од овој корпус стихови. Тој продолжува да го разгледува и искажува својот однос кон феноменот на песната, кон творечкиот чин, кон поетиката, свесен дека тие не можат да се дообјаснат и доречат а уште помалку да се дефинираат, но како и самото творење (субјективно и иманентно на единката) го исполнуваат поетот (и читателот) со својата засекогаш отворена примамливост. Тој завлек постојано и повеќекратно да се чита и објаснува песната, нејзиниот сензибилитет, идеја, „порака“, секогаш одново, авторот го поткрепува со искажувањето на Блаже Конески за истите општи мотиви, но секогаш свои за поетот, со што се афирмира смислата и убавината на субјективниот порив на творењето. Смилевски не го напушта својот

експлицитен и директен, „делничен“ говор, но ослободувајќи го од него понекогаш пригушениот, „потиснат“ лиризам, во нови стихови на пробрани просветлени опсервации, слики, асоцијации, често низ духовита игра на чувственост или на иронија и здржана подбивка, тој ни открива привлечна и читлива слика на својот лирски сензибилитет, на неговата природа. Тогаш целата песна станува една лирски напоена повеќеслојна метафора во која својот облагородувачки прилог го внесуваат и повремени суптилни и сочни алузии на едно еротско чувство. Повторувањето на мотивите во трите книги со соочување на песните и авторите, но пред с< со сопствено соочување со нив, врз сопствениот сензибилитет, се одвива преку широка панорама на теми, ликови и личности, митски, историски и актуелни. Мозаикот на поетски вистини вградени во една целина, варирани се во едно рондо, во едно Равеловско болеро преку нивното нијансирање и повеќеслојност, преку различни агли на гледање и доживување. Тие се достапни за сите, но неискажани и недовршени, отворени се за идни субјективни „дополнувања“ како иманентност на секој вистински творечки чин. Под тој корпус на разговорен, едноставен, комуникативен говор обземен со феноменот на песната, со нејзината тајна и таинственост, зад тој рефлексивен „прозаизиран“ дискурс низ кој тече критичкото авторово сознавање и сознание на минатите времиња а со тоа, уште повеќе нивната актуелизација, под тој корпус на стихови во кој ги препознаваме и библиските мотиви, и Хомеровите и митолошките ликови и судбини, и авторовите современици во еден урбан контекст, едновремено се открива и како нова вода блеска, како што се истакна, една префинета лиричност и една длабока лирска елегија и ламент. Нив ги срекаваме во повеќе стихови, но овојпат си ја земам слободата да ги споменам прочувствуваните, трогливи стихови во еден речиси палимпсестен зафат, на чемерната тага на нашите големи самотници Жинзифов и Константина (особено во вториот триптих), како авторова и наша судбинска метафора.

Веле Смилевски, како и неговиот поет во една од песните „сонува пат од Јас до Ние и назад“. Во тоа кружење на патот тој ја потврдува својата верба во зборот, во зборот на поетот во трајното негово зрачење наспроти ефемернос-

та на мигот. Дури и кога ќе доживее пораз во обидот да најде логика „во новиот поредок на нештата“, признавајќи дека „редот е изгубен / во куп од илузии“, тој чувствува, симнат во својата актуелна реалност, дека од капките од потта на поетот (на неговата) „засјајува ѕвезда“. Тој хуманистички солилоквиј, при сите прашања, сомнежи, скепси, при сите поревања на човекот и на поетот во него, останува загледан и упатен отаде хоризонтот на можното.

Ако во првата од триве поетски книги на Веле Смилевски се поставени естетичките и егзистенцијалните прашања што зрачат од живото ткиво на творечкиот чин, а втората претставува реплика, субјективно толкување, дополнување и докажување на недореченото, третата, во својата Совршена тишина како сеопфатна метафора, би можела да се сфати, условно, при сета пародичност на насловот, како „Час по поезија“. Преку експлицитни, промислени или иронични и критички слики, описи, размисли, таа се враќа на почетокот, на суштественото: да се создава и да се остане пак со завлекот по недофатливата многузначност, по неодгатливоста на поезијата што се врти во кругот на убавото, вечно недоискажливото, она што ги потврдува поетите „како деца на тајниот концепт / на неизречивото.“ Сознанието за недосегливоста на песната го исполнува радоста на нејзиното постојано откривање. Така поетот ја остава отворена вратата за постојано градење на песната и за нејзино препрочитување, за постојано чекорење по предизвикувачките, заводливите и шармантните патишта на поезијата. Затоа тој во „Песната тестамент“ ќе ја остави пораката:

„Оставнината на моите недореченост му припаѓа
на Владетелот на Совршената тишина.“

Потврдената смисла на стиховите на Веле Смилевски за неговата лирска загледаност во длабоките вирови на песната, но и за иронија и самоиронија, за игра и подигрување, н< остава со прашањето дали е тоа вистинскиот пат на Песната „за друго време“, дали е тоа време Смртта или пак самата песна. По смртта.

Раде Силјан

РЕЧ ЗА ВЕЛЕ СМИЛЕВСКИ

Веле Смилевски (1949, Ново Село, Демирхисарско) ѝ припаѓа на генерацијата македонски писатели, која со своите први дела се појави во седумдесеттите години на минатиот век. Претставниците на оваа генерација не настапија со свој манифест за погледите на литературата, но трпеливо, во континуитет изградија култ кон пишаниот збор и, како што констатира акад. Георги Старделов, тие „фасцинираат со свежината на својот поетски јазик“. Според творечките остварувања во поезијата, критиката, преводот, во антологиските зафати и во иницирањето и подготовката на значајни проекти од културата, оваа група на писатели претставува најкомплетна книжевна генерација во Македонија.

Секоја генерација има свои ѕвездени мигови, по кои се препознава и по кои и идните генерации ќе ја препознаваат и паметат. Генерацијата на седумдесеттите или како што повозрасните ја именуваа генерација писатели родени во слобода, во изминативе децении реализира значајни културни и издавачки проекти. Првиот капитален зафат го оствари во 1973 г. со подготовката и со уредувањето на едицијата „Македонската книжевност во книжевната критика“ во пет тома. Тоа беше време на творечки занес и желба за освојување на книжевниот Олимп. Подвигот остварен на млади години во рњализирањето на крупни проекти, Веле Смилевски, заедно со своите врсници ќе го продолжи со нагласен интензитет во обликувањето на значајни издавачки проекти, меѓу кои посебно треба да се издвои едицијата „Македонската книжевност во 135 тома“. Кон овие факти треба да се нагласи и континуираниот ангажман на нашиот колега во анимирањето и осмислувањето на културниот живот во Република Македонија, особено преку ангажманот во Друштвото на писателите на Македонија како негов претседател, потоа преку издавачката куќа „Дијалог“ и, секако, преку списанието „Синтези“, кое според богатството на содржините и осмислената концепција зазема челно место во нашата држава.

Веле Смилевски е автор на импозантен поетски и критичко-есеистички опус високо вреднуван од критиката и наградуван со престижни национални и меѓународни признанија, ме-

ќу кои и со државната награда „11 Октомври“ за животно дело. Негови песни се застапени во антологиски избори од современата македонска поезија, а поетски книги се преведени и печатени на повеќе странски јазици.

Веле Смилевски е автор со изграден систем на вредности. Во своето богато пиетско творештво се застапува за мигновен исказ, не ретко и за притаен афористички израз, со што чинот на уметничката порака го огласува повеќезначно. Тоа упатува на констатацијата дека вешто ги обликува поетските форми и ја претпочита авантурата по зборот. Оваа негова определба е присутна во повеќето песни од стихозбирката „Диши длабоко“, а целосна потврда наоѓа во песната „Важна точка“, песна која по многу свои елементи се вклучува во оние естетски остварувања кои за свој краен чин го имаат едноставниот и допадлив израз. Таа, иако навидум може да се протолкува како бунт на авторот против одредена трауматична состојба, сепак треба да се прифати и како иронија на стварноста, како предупредување со силни естетски пораки.

Прибегнувајќи кон ангажиран однос во песните, поетот пресликува мноштво социјални, родољубиви и љубовни теми и актуелизира одредени состојби, процеси, дилеми и противречности присутни во секојдневието на современиот човек. Во оваа своја насока тој остварува највпечатливи естетски резултати, прифатливи за широк круг на читатели.

Прифаќајќи различни мотиви и длабоко понирајќи во суштината на поетските слики, Веле Смилевски вешто отслику-ва познати предели и душевни состојби. Оттука и неговата загриженост за судбината на „мастилото претворено во историја“ и за „излетниците со проспекти в раце“. Набележувајќи го идејниот и естетскиот пункт, често и во заповедна форма, во песната „Градина“ можеби најуверливо ја предочува својата животна филозофија велејќи:

„Нашите писма до сонцето
низ нем повик испаруваат

Деца ќе дотрчаат
и на небо ќе нѐ расфрлат
како цветови

Не дека сме ѕвезди
туку дека тие без нас
не паѓале на земи.“

На овие и слични релации авторот трага по смислата на животот, зашто во просторот сè е ставено „меѓу крила од зборови“. Во оваа, навидум, игра од зборови поетот се ориентира кон рефлексивно поимање на животната материја, постојано нагласувајќи дека треба „да се означи сродството со изворот“. Оваа определба, најавена во стихозбирките „Слика што согорува“ и „Кафез“, свој израз и полнокрвен белег има во повеќето песни од книгата „Диши длабоко“. Но Смилевски како поет не се повторува: тој постојано учи и низ учењето го кристализира својот лирски израз. Низ исказот „од билото на библиотеката“ се гледа една од формулите на оваа поезија, а и врската со постмодернистичкиот круг на поети. Критичката хроника на Смилевски води *отворен дијалог* со светот што е негова преокупација и иницира тематски пунктови многу ретко присутни во нашиот духовен простор. Токму затоа можеме да зборуваме за едно импулсивно авторово спознавање на иницираната мотивика, со нагласено чувство за профилирање на *еротското* во повеќето стихови.

Во песните застапени во книгата „Одзив на здивот“ поетот се стреми кон материјализација на говорот. Речиси секогаш тргнува од конкретен настан и несекојдневни појави, кои често ги соопштува и со необични зборовни целости. Всушност, трагајќи по смислата на притаениот внатрешен сјај на песната, тој во исто време понудува полнокрвни поетски пораки. Во песните „Нишалка“, „Мојот пес“ и „Ете така и вака“ обединува повеќе содржински целости, неразделно сврзани со филозофијата на животот. Тие се засновани врз реална основа, пред сè врз доживувањето на секојдневните глетки и привиденија.

При обликувањето на стихот, овој писател е краткоречив; него никогаш не го понесува музикалноста на песната, туку длабоко навлегува во средиштето на мотивот. Најуверлив пример за оваа констатација се, секако, песните „Реставрација“, „Санаториум“, „Јазици“, „Патување во лифт“ и „Церемонија“. Во нив поетот поставува множество прашања – егзистенцијални и морални, за чие толкување е потребен поголем интелектуален напор. Во овој поглед авторот се ориентира кон сублимен говор, кон еден вид поетска синтеза.

По постапката и градбата, по специфичноста и пораката, песните од тематскиот блок „Настан во кадата“ се попровокативни. Во нив поетот опфаќа мотиви од љубовен карактер и настојува низ извориштето на едноставниот говор да соопшти јас-

ни поетски мисли и идеи. Во песните „Пред тргнување“, „Настан во кадата“, „Лебдиме во бело“, „Водата е навика“, „Просто проширена“, „На отворено“, „Орална гимнастика“ и „Сегашност и иднина“, низ еден мошне чувствителен поетски симетризам поетот го проширува својот поетски свет и длабоко навлегува во сферата на еротското. Оваа своја определба мошне смело ја најави во десетина песни застапени во книгата „Диши длабоко“.

Несомнен е впечатокот дека во стихозбирките „Одзив на здивот“ и „Подвижни точки“ поетската постапка на Веле Смилевски добива автохтона боја и смело длаби во веќе започнатата авторова определба за освојување на поширoки духовни пространства, зашто, како што пее поетот:

„Сеедно е каде ќе се сретнеме
на кој иден век ќе отспиеме
со кои влекачи со кои птици
под чие дно ќе бидеме оган.

Важно е дека се јазиме
со јаже префрлено на највисоката гранка
што се свива и крцка но не се дава
да не предаде на зинатите усти
во замаглениот парк на мумиите.

И сè така се јазиме
и ја корнеме кората
и им ги расиме очите
на оние што собирајќи дребулии
по скалите на непознатите букви
нè создале за да си го платиме данокот
во септичката јама на времето
зината како вселена.“

На планот на функционалноста на јазикот, на планот на збогатувањето на тематскиот круг, Веле Смилевски ги прошири координатите на своето пеење, а наедно понуди и антологиски поетски резултати. Стиховите од „Настан во кадата“, како и повеќето песни од завршниот циклус на „Одзив на здивот“, би можеле да се прифатат и како еден вид поема на интимните страсти; проткаени се со елементи на лирска разиграност и повеќеслојност. Едноставно, тие би можеле да се прифатат и како јадровити целости.

Меѓу критичарите кои континуирано го проследуваат поетскиот развој на Веле Смилевски, посебно место зазема активата на Данило Коцевски. Тој во поговорот кон изборот „Икра во славината“ („Мисла“, 1989) ќе забележи: „Зборувајќи за особеностите, графизмот, јазичните истражувања, треба да се нагласи, сепак, дека станува збор за поезија и поетска постапка која во ниту еден момент не ја губи врската со реалното, опипливото, доживеаното, конкретното. Напротив. Речиси секоја песна својот повод го наоѓа на еден таков појдовен детаљ на конкретноста, кој потоа сложено се обликува и разгранува на повеќе нивоа. И ако секоја песна во суштина мора да биде еден вид сетилна сензација, таа сетилна сензација во оваа поезија е посебно нагласена: она што е камерно, интимно, сетилно, првичен рефлекс, забележување и доживување, се настојува да се задржи во неговата *првична чистота*, градејќи ја поетичноста токму врз таа првичност, искршеност, фрагментираност, проблесокот на камерно обоената, минуциозната и рафинираната опсервација“.

Веле Смилевски појавува особен интерес кон современите теми; човечките доживувања ги проблематизира до степен прифатлив за уметничката трансформација. Во овој поглед досегот на неговиот стих често отстапува од вообичаените стандарди и литературни предрасуди. Ориентирајќи се кон мотиви што се малку податливи за поетски исказ, тој наоѓа зборовни конструкции, низ кои го соопштува своето видување на нештата и ја нарушува вообичаената претстава за чинот на поезијата. На оваа релација, всушност, се соочуваме и со потешка комуникација со песните, што е и вообичаено за овој вид поетска определба. Ваквиот начин за поетско општење со светот за овој автор веќе станува *препознатлив модел* и значи свесна определба за *поетика* која бара поголем напор при *читањето и толкувањето*.

Отворено прифаќајќи го *сонорното јаве*, Веле Смилевски во стихозбирката „Подвижни точки“ ги синтетизира искуствата од претходните книги и јасно ја предочува перспективата на својата поетика. Неговите песни се еден вид мозаик од слики и настани, кои се насочуваат во определена специфична точка и се во постојан судир со времето минато и со нашата традиција. Во овој поглед поетот ги нарушува класичните шеми и се стреми кон нетрадиционално пеење.

Творечко поедноставување на песната е особено забележливо во поетските книги „Педесет пеења“, „Педесет допева-

ња“ и, особено во „Забранета книга“. Со чувство на искусен автор, поетот прави еден вид резиме на своите поетски преокупации, остварени во претходните стихозбирки. Книгите од неговата најнова фаза се проткаени со јасна, едноставна, рационална, наместа разиграна и духовита поетска мисла. На еден необичен начин Смилевски пее за нашата изопачена реалност и преку несекојдневни поетски слики без влакна на јазикот зборува за множество настани, процеси и појави. Нив ги краси чиста поетска мисла. Во нив препознаваме отворена поетика, разбирлива за широката публика.

Поетот е преокупиран со актуелни теми, во кои централно место заземаат нарушените човечки и морални вредности. Всушност, во неговите стихови се подложени на проверка многу прашања, дилеми и општествени процеси. Со допевањето, односно со поетското доречување, Веле Смилевски ја проблематизира, но и ја дообјаснува темата на поетското и на поетскиот чин. Темата на секојдневието ја елаборира на своевиден начин во повеќе форми, со што гради специфичен, препознатлив и автономен поетски свет. Овој негов свет е навидум близок до естрадното и гласовито прифаќање на песната, меѓутоа, една попродлабочена анализа говори дека станува збор за специфична и нестандардна постапка. Поетот е исправен пред секојдневното подвижно огледало, што вешто ја мултиплицира содржинската целост, пресликувајќи го и преобликувајќи го просторот по кој чекориме.

Песните на Веле Смилевски водат отворен дијалог со времето, понекогаш иронизираат со општествените состојби и низ еден саркастичен начин, со смисла за хумор, ни доловуваат множество прозаични нешта од животот. Преку осмислен ред на нештата, со чувство на авторска мера, поетот ги обликува песните во препознатлива целост, во која се поставуваат безброј суштествени прашања.

Веле Смилевски спаѓа во редот на поетите кои не се вградуваат во веќе усвоените стандардни шеми во современите текови на македонската поезија. Зашто тој, како поет-љубопитник, е во дослух со специфични поетски процеси и гради необична поетика. Во песните на овој автор е присутен истражувачки дух, по многу нешта невообичаен и нестандарден, често со нагласен естраден призвук. Тој вдахновено ја доживува сликата на времето денешно, учи од животната реалност, а за среќа, учи и од добрите мајстори на поетскиот збор.

Веќе четири децении Веле Смилевски константно ја обликува својата поетика, вешто преферирајќи го интелектуалниот дискурс и испишувајќи ја својата литературна врвица со длабока и рационална поетска мисла.

(Поетска ноќ во Велестово,
14 август 2015 г.)

Веле Смилевски и Раде Силјан

Санде Стојчевски

МАГИЈАТА НА ОБИЧНОТО И СВЕТОТО

Ја имам честа да ѝ припаѓам на една извонредна, исклучителна генерација современи македонски поети кои, како што прецизно известува Данило Коцевски во еден свој текст, ја внесоа „свеста за иновантното, па и заумното, со сите ризици што таквата творечка постапка ги носи со себе“. Таа генерација ги прифати таквите ризици затоа што беше свесна за две големи потпирни точки што ги чувствуваше во себе: увереноста во сопствените креативни енергии и капацитети, и огромното љубопитство за раскошот и неисцрпноста на светот и на текстот. Припадниците на таа генерација му се обрекоа на светот на текстот, и тоа резултираше со појава на книжевната сцена кај нас на повеќемина творци кои истовремено се врвни поети, широко информирани личности, критичари, преведувачи, со увид во теориски интонираните книжевни расправи, полемичари, уредници на списанија, антологичари...

Сите овие доблести се својства на Веле Смилевски, еден од најдобрите меѓу нас, кој е уште и одличен прозен писател, практичар и теоретичар во новинарството, професор, доктор на науки, издавач, неуморен сподвижник во нашето еснафско и, воопшто, културно живеење.

Во сите овие сфери на активност и ангажман Смилевски досега остави трајни и бележити траги, и за секоја од нив може со респект и долго да се говори, но нема двоумење дека неговиот поетски профил е највидливиот, централен дел во неговото творештво. За природата и за квалитетите на неговите поетски книги досега ласкаво се искажувале безмалу сите домашни критичари од значење, како и врвни критичарски имиња од регионот и пошироко, во земјите каде што избори од поезијата на Смилевски се појавиле во препев на видни творечки имиња. Затоа е скоро неможно да искажете мислење или оцена за некое суштинско својство на неговата поезија, а да не се доближитедо опасноста да повторите некоја од претходно веќе согледани, констатирани и коментирани карактеристики на неговата лирика.

Мојот предлог за читање на оваа лирика, возбудлива, повеќеслојна и полна со изненади и неочекувани свијоци, е обидот

да ја согледаме како велика зафатка, всушност како широк зафат, во отворена лирска прегратка повеќекратно да се прибере и луцидно да се коментира големото човечко духовно наследство: сите легенди, преданија и митови со општочовечки карактер и значење, сите збунетости на луѓето од сите времиња и простори пред непросирноста на светот, пред матните и судбински загатки, пред сè на најголемата тајна, самото човечко битие. Јасно, тоа е крупен залак, велик и амбициозен проект, но зарем ние би се собирале на овој начин да коментираме, да толкуваме, да фалиме и да се гордееме со опус кој би се темелел на скромни проценки за сопствените можности!? А поетот Веле Смилевски го зема светот во големи зацрпувања, на крупно, одеднаш да опфати сè, од секаде и отсекогаш, засекогаш. Тоа е видливо од многустраноста и многуликоста на темите, од повеќекратните враќања, од укрепување на песната и со зрно прав и со планета, како што тоа за ваквите потфати вообичаено и со полно право се вели. Таа амбиција може да се исчиsа и од звукот, од сликовитоста и од рангот на певот, но секако дека во некои песни, суптилно и дискретно, но доволно транспарентно и јасно, му е дошепната на читателот, во форма на пријателско доверување. Еве да ви ја дошепнам. Чујте:

„Јас немам друг избор
Освен секојдневно
Да го покажам
Својот отпор
Кон обичностите
Но каков избор е навикот
Од пристојна точка
Да се засладувам
Во обичното како во најсвое?“

Така пријателски, небаре со доверлив наклон кон соговорникот, ги споделува своите дилеми, своите животни и творечки крстосници нашиот поет, обземен од привлечноста, од магијата на обичното и на светото, на делникот и празникот, на стварноста и на преданија. Затоа тој со подеднаква предаденост, концентрација и наслада, како што самиот изјавува, го чита ракописот на спилите и стрнките, но и записите на древните мудреци, се наднесува над старозаветните мудрости и заблуди и во вид на блескави лирски коментари нè соочува со духовното наследство на човештвото, особено со неговите најмаркантни

духовни врвови. Оттука, достојни за неговата песна се покажуваат и Адам и Ева, и Орфеј и Ное, и Одисеј и Пенелопа, но и обичната врата, кошулата, цвеќето, па дури и обичниот провев. Напишав: дури и обичниот провев, и почувствував дека правам светогрдие, внесувам произволен ред, хиерархија и приоритети во една апсолутно рамноправна атмосфера, и брзам да се повлечам. Особено затоа што поетот, минувајќи низ таа врата, низ таа обична варата, или низ таа, се разбира сосема условна, обичност, ја доживува и со нас ја споделува великата сласт од богатството слоеви во малите и навидум обични нешта, отворајќи широки видици во нивните скриени, тешко достапни, затемнети метафизички смисловни складишта. А овој хеуристички пробив во полутемнината на појавите оваа поезија, овој непоколеблив лирски аргонаут го постигнува затоа што ја препознава онаа важна точка, она единствено посматрачко место од кое се насетуваат формулите според кои се стокмени и замесени тестата од кои е обликувано несогледливото појавно мноштво. Внимателно и претпазливо да ѝ се приоѓа и пополека да се отвора вратата, зашто и таа, а и сите нешта што нѐ придружуваат, всушност себеси се доживуваат само со голема почетна буква, па нивната обичност е само измаглина, заблуда и привид, бидејќи зад нивната празнина е полнотата на светот, полнотата на нашето доживување и поимање на светот, прагот кој ќе го пречекориме од овде таму, од кај нас кон нив, кон другото, за кое негуваме илузија дека е поинакво.

Ете, тоа го може вистински побудената лирска поезија, тоа го може поетот што не се согласува на скромни размери и димензии. Тој редовно нѐ поведува кон ваквите емотивни и мисловни честари, нѐ охрабрува да се пробиваме низ густината на писмото и ветува обрт, изненада, поглед од високо и од чисто место во певот. А певот, песната, текстот, уметноста на текстот, кај него се во самиот центар, тие се самиот центар. За жал, и по моја вина, јас немам доволно увид во тоа дали и колку Веле Смилевски во својата критичка и есеистичка проза се занимавал со природата на уметничкото дело, но затоа сум импресиониран од посветеноста негова да ја согледува, толкува и коментира песната преку неа самата, преку песната. Не познавам друг наш поет, освен можеби Блаже Конески и донекаде Влада Урошевиќ, кој како Веле Смилевски непрекинато, во автореферентен занес и вознес, пее песни за песната, за нејзината природа, за нејзината многуслојност и за многубројните нејзини лица и облици. Тој

непрекинато и неотстапно ги следи и ги проверува многубројните кругови под писмото, јас би рекол дури и вирови под текстот, барајќи остров за еден крик, за извик, исповед, предупреда, како сакате, во секој случај барајќи можност за обраќање и за една ваква исповед со јасен поетички поттекст:

„Ги превртувам буквите сè почесто
Залепени за масата
Со краевите
Со дел од смислата.“

А смислата, таа неуловлива, скриена нимфа што подмамува од карпестите брегови на стиховите, како да ни испраќа недоволно јасни, но ветувачки сигнали дека е кадарна ни помалку ни повеќе туку да го прибере светот, да го зачува и да го изнесе на брегoвите од спасот, да го засолни од потопот што бездруго следува. На овој начин поетот Веле Смилевски ѝ прави најголем комплимент на песната, на лириката, на уметноста, укажувајќи на единствената нивна укрепеност да бидат дом на светот, да му овозможат иднина и трајност.

„Не лажи се Ное,
Не гради кораб,
Собери го светот во песна.“



Веле Смилевски

На овој начин, со ваквиот предлог до Ное, до поетот, до заштитниците на светот, нашиот поет го извишува текстот до рамништето на величествената божја творба, нудејќи го своето дело, песната, како заштитник на делото на Севишниот. Се покажува дека е на повидок една специјална религија во однос на текстот, едно насетување светости во посветеноста, светост на изборот кој, меѓутоа, не е стихиен, немушт и со свиткано колено, туку се армира однатре со луцидности, со благост и со ведрина, со досетки од висок ред, ако е нужно, со стилска виртуозност, со придушување на лексичкиот блесок или со досипување сјај кога тоа ќе биде нужно. Со други зборови, тоа е религија која се препознава и се препорачува како метафора, како едно големо и чисто ДА на текстот кој води и сметка и грижа за колебливоста на светот, и секогаш е подготвен да го прибере и да го засолни пред потопи и пожаришта, па макар да го зачува само како лирски оттисок неговото разновидно мноштво, „затоа што, ако не е така, ќе нема кој да ги раскажува асхатолошките митови“. „Но, резултатот на тоа никако не е една апстрактна поезија“, пишува Влада Урошевиќ, и е сосема во право, бидејќи песната на Веле Смилевски не заталкува толку високо без да ги осигура своите трајни врски со земното, со елементите и со скапоцениот човечки, човечен глас. Таа нè поведува онде и таму, но не нè откоренува, редовно нè исполнува со меморијата за нашата овдешна втемеленост. Тоа е уште една потврда дека својата песна Веле Смилевски ја остварува како проект во чија основа редовно е вградено чувството за одговорност, за стабилност, за отчетност и за трајност на градбата. А поетската градба на Веле Смилевски, барем засега, се заокружува со една извишена круна, со поемата „Век за самување“. Во нашата литература има неколку датуми кога појавата на една книга претставува меѓник, извишена кота, вистински незаборавник. Се присетувам на „Дождови“ од Матеја Матевски, на „Високо пладне“ од Радован Павловски, на „Модер вир“ од Ефтим Клетников, а ја имав привилегијата, пред некоја година, да бидам член на жири-комисијата која одлучуваше за наградата „Григор Прличев“ што се доделува за најдобра поема, кога на конкурсот беше понудена книгата „Век за Самување“. Се разбира дека вечерва, на оваа свеченост, не ќе можам да се впуштам во широка аргументација на мојот восхит од оваа книга на Веле Смилевски и, за жал, јас нема да го сторам тоа, но барем ќе нафрлам неколку својства што ја препорачуваат да заземе место меѓу неколкуте наши најрепре-

зентативни дела. Како и сите нејзини големи претходнички, поемите „Јалова земја“ на Елиот, „Млада парка“ на Валери и „Потекла“ на МАтевски, на пример, поемата на Веле Смилевски го одлага јасното соопштување на основната тема, поточно на темите, оставајќи го читателот да се вsира во смисловните траги на певот, да ги следи знаците разместени со очигледна стратешка замисла, а во меѓувреме певот непречено да се пласти во слоеви и да нанесува нови и нови слики кои се држат со некаква таинствена ератичка врска. Книгата почнува впечатливо, со силна метафора: „Црното непце на небото“, со што сугерира насока угоре, поточно од горе, а истовремено ја воведува загадочната атмосфера на таинственост и на затскриеност на движењето на певот во длабока лирска полутемнина. Она што ја засилува моќноста на овој пев е побудата на јазикот да ги ослободи сопствените креативни потенцијали, својата аудитивна и визуелна продуктивност, да се возбуди и да се бранува, да клони кон целосна семантичка треперливост, што ги зголемува магијата и претпоставуваните идни потези. Во извесна смисла, поемата „Век за самување“ како да се препознава во онаа визија на Смилевски за Големата Книга, која овде како да се дофаќа до реализација, иако самата себе се соопштува во форма на најава:

„Виножитото во рамка ќе го зберам
И ќе те создадам
Низ нова фабула
Во Големата Книга што немее
Со мене
Во мене“.

Во оваа поема на изобилството владее загадочна и крајно привлечна атмосфера што ја создаваат виножитото, мракот и сјајот, лексичката свежина и особениот ритам, повторувањата, метафорите, цезурите и алузиите. Времето е поттикнато да се згуснува и да се растегнува (Сега сè е Сега/ и сега сè е Вечност). Таму се пределот и пејсажот, внатрешните духовни бескраи на лирско-епското Јас (Сега сум прогонет во себе), кои се отсликуваат, или сосема се втопуваат во големата рамка, или, како што се пее во поемата, „Во прозирната душа на вселената.“ Бидејќи и натаму паѓам во искушение да цитирам, ќе запрам откако ќе ја определам оваа искрена поема како „молитва за празникот на тишината“, се разбира, сосема свесен дека колку и да е убава,

оваа определба ни од далеку не ја исцрпува повеќестраноста на певот.

Накусо, по читањето на поемата останува „само сјај“, како што забршува една од песните на Смилевски. Можеби само сјај, но многу, многу сјај, ама таков, што во себе, реков, го содржи виножитото, но и ноќта и сите премини помеѓу светлината и мракот.

Е откаде доаѓа овој особен лирски сјај? Кај му е изворот?

Поетот со таинствена семазија, со лирски интониран одговор кој навестува и ритмичка арома на нашите орални народни бисери, во една од своите рани песни, ни дошепнува:

„Изворот јас си го знам“.

(Поетска ноќ во Велестово,
14 август 2015 г.)

КРИТИЧКИ ФРАГМЕНТИ

КРИТИКАТА ЗА ПОЕЗИЈАТА НА ВЕЛЕ СМИЛЕВСКИ

ВЛАДА УРОШЕВИЌ:

„Слика што согорува“ носи наслов првата збирка на Веле Смилевски, објавена во 1974 година. Насловот е длабоко соодветен на содржината: има, навистина, нешто разурнувачко во сликите од таа книга, нешто што го разбива однатре нивното единство, што не дозволува тие да се спојат во една целост изградена врз основа на класично сфатената хармоничност. Поминати низ еден долг процес на редукционизам, оддалечувајќи се притоа, во значајна мера, од првобитниот импулс, тие во себе носат само далечни траги од сетилните доживувања што ги поттикнале. Хаотичноста на тие слики е несомнено намерна: низ стиховите на оваа книга пробива интенцијата на поетот да го претстави светот - или она што доаѓа до нас како еманација на тој свет - како зовриена магма на впечатоци кои не успеваат да се соберат во збир што би им обезбедил кохерентен облик. Сè се меша, се врти во вител, кружи, се преметкува, се искачува и тоне, не можејќи да ги совлада центрифугалните сили кои тоа множество искршоци сè позабрзано го одвлекуваат од веќе непостојното средиште.

Следните збирки на Веле Смилевски - „Кафез“ (1978), „Диши длабоко“ (1985), „Одзив на здивот“ (1987), „Подвижни точки“ (1990) и „Гребнатинки“ (1995) - претставуваат едно логично продолжение на ваквата поетска определба. Можеби помалку барокни од оние во првата збирка, сликите од овие поетски книги на Смилевски ја носат во себе истата раскинатост, фрагментарност, синкопираност и динамична спротивставеност. Во нив се забележува дека имале свој извор во стварноста, но дека потоа - како резултат на самиот начин на восприемање на таа стварност, или како плод на трансформацијата на која биле подложени во текот на творечката постапка - останале без поврзувачките елементи; помеѓу тие делови се отвораат празнини, временскиот тек или просторниот континуитет се нарушени, пред нас е сега само скица или, можеби, костур на едно видување или дожи-

вување. Несомнено, станува збор за свесно воден процес: поетот ја превидува (или уништува) целината, сметајќи дека новата композиција добиена на таков начин посилно ја открива суштината на она што тој сака да го рече. Низ своето творечко проседе овој поет се стреми да ја прекомпонира стварноста: тој од неа ги извлекува само оние делови што одговараат на неговата визија на нештата.

Но, резултатот на тоа никако не е една апстрактна поезија. Поетските слики на Веле Смилевски ја задржуваат, и покрај разградбата низ која минуваат, својата свежина - тие ја чуваат во себе својата сетилност и својата моќ на влијание врз сетилата на читателот. Во многу од нив е присутен еротскиот полнеж кој бил во основа на ситуацијата од која произлегле. Може да се рече дека сликите од стиховите на Смилевски се секогаш полни со една ликовна енергија која прави од нив силни доживувања; влијаејќи една врз друга со својата поврзаност (или, почесто, неповрзаност), тие создаваат една нова слика на светот, блескава, изненадувачка и збунувачка, во секој случај - заводлива и возбудлива.



Блаже Конески, Веле Смилевски и Божин Павловски (1979)

Ретко која поетска визија во македонската поезија е толку урбана по својата надворешна, но и по својата внатрешна, длабинска природа, како онаа на Веле Смилевски. Дојден по генерацијата која од руралното детство и од митологијата на родното огниште созаде свој знак на препознавање, Веле Смилевски го открива својот вистински роден крај во лавиринтот на градските улици. Она што се одигрува во неговите песни како „приказна“ се микро-настани од урбаното секојдневје, „дреболии на денот“ (како што вели самиот поет), детали кои својата привидна „безначајност“ ја претставуваат како суштинска. Обичното и секојдневното добиваат тука размери на авантура, додека некоја вообичаена низа од потези, што навикот ги истрил до механичко повторување, одеднаш, со помош на поетската постапка, ја открива својата темна страна на загадочен ритуал.

ЛУАН СТАРОВА:

Лауреатот на чудесната „Велја кутија”, поетот Веле Смилевски, ова ретко признание го добива на четириест годишнината од неговото книжевно творештво и шеесетте години живот. Ова високо и единствено признание Македонските духовни конаци му го доделуваат на писателот Веле Смилевски за неговата најнова книга поезија „Совршена тишина“, книга со консистентен систем на естетски и онтолошки идеи, со што оваа стихозбирка претставува исклучителна вредност во македонската поезија, духовност и култура. Меѓутоа, стихозбирката „Совршена тишина“ означува врв на еден долг пат на естетско извишување, започнато уште во далечната 1974 година, кога авторот ја објавува првата збирка песни „Слика што согорува“, за потоа во еден долг, од речиси четиридецениски интервал, да следат уште десетина збирки позија, повеќе книги есеи и книжевни и научни студии, неколку составени антологии.

Веле Смилевски својот креативен внос во македонската позија го означува во плодните седумдесетти години, кога врвните протагонисти како Блаже Конески, Славко Јаневски, Ацо Шопов, Матеја Матевски, Гане Тодоровски и

други, во потрага по кохерентен поетски јазик, како едно од битните обележја на идентитетот, ќе ја внесат Македонија, низ неколку антологиски претставувања, во тековите на модерното европско пеење. Овие врвни позиции на поезијата, бездруго ќе бидат голем предизвик за генерацијата на Веле Смилевски и поетите од другите генерации, да градат своја стратегија во периодот по несомнената „интернационализација“, на доминантните поетски вредности, особено во проширувањето на поетскиот израз, во потрагата по новите можности на јазикот пред предизвикот на вечно променливите поетски слики и кодови. Веле Смилевски од збирка во збирка останува доследен во својата „недоследност“ кон традиционалното пеење кое ќе почива врз еден препознатлив балканско-медитерански ареал, врз модернизирањето на изразот на народното пеење.-Тој видливо ќе се дистанцира од митологијата на руралното детство, трагајќи по хармоничен излез од урбаниот лавиринт. Како да останува доследен на парадигмата на Рилке - дека секоја песна се крие во најобичниот настан на денот. Обичното во поетиката на Веле Смилевски се возвишува со поетската проверка низ јазикот и неговите непредвидливи можности, тој е во потрага по еден автентичен поетски говор низ зони „во кои нема јасно определени меѓи помеѓу значењата и кој со тоа создава простор за нови смисловни созвучја, за неочекувани судрувања и заемни проникнувања на содржинските јадра“ *(Влада Урошевиќ)*. Веле Смилевски и со наградената збирка „Совршена тишина“ на најдобар начин го потврдува сознанието за воведувањето на македонскиот јазик во една повисока сфера, каде што тој е поставен пред нови предизвици, раководен од можностите на уметничката креација. Веле Смилевски и во својата најнова збирка „Совршена тишина“, останува верен на посебностите на своето поетско битие. Тој останува мудар поет, кој ги препознава стапиците на вековната традиција за да ги препушти своите поетски облици на петрифицираните облици. Тој останува фанатично верен на менувањето, на потрагата по својот конечен облик, сé до последните облици на неговиот поетски говор, до самата *совршена тишина*. Тишината која завршува, според Бекет, како наш мајчин јазик. Нашиот поет Смилевски, чие име Веле, речи-

си се римува со Велја, во последните стихови на својата манифестна песна „Совршена тишина“ ќе запише:

„Зад последната песна владее Совршена тишина
што грми на некое Друго Небо“

Порака што достоинствено влегува во заслужената „Велја кутија“, во која, „добрината, е предел каде што царува тишината“, според еден стих на поетот Гијом Аполинер.

Славе Ѓорѓо Димоски, Веле Смилевски и Димитар Малиданов во Куќата-музеј на Кочо Рацин (Велес, 2009)

СРЕТЕН ПЕРОВИЌ:

Ретки се творците кои максимално го радикализираат својот однос кон наследството, па и кон главните современи процеси на книжевната продукција, тие кои се обидуваат да не наликуваат никому, да се напојуваат со соковите само од сопствените извори. Тие и такви текови, понекогаш одвеќе разбранувани, потешко ги прифаќаат дури и, во поетската вокација, блиските и верни конзументи. Водечките во оваа ретка *крвна ѓрупа*, во која спаѓа поетот Веле Смилевски, ја засновуваат својата филозофија на условна рамнотежа на спротивни идејни сфери - на планот на имагинацијата и во реалниот живот. Творечката енергија ја црпат од „мазохистичката“ самоанализа, од вивисекцијата на сопствените соништа, визии, идеи, од дестроуирање (демаскирање) на општите и групни идеали; а во реалниот живот, во секојдневните збиднувања, во меѓучовечките односи - се прилагодуваат на хедонизмот, на провокативните убавини на овоземското траење.

Во песната „Самокритичен поет“ Веле Смилевски, не без ироничен поттекст, го разложува процесот на настанувањето на неговата песна со редукција на граматичките форми и поими (дрво, град, небо); потсетува како поетот - и кога го „брише зборот љубов и зборот мечтаење“ продолжува да говори и „во сите годишни времиња љуби“, па одново измислува именки, глаголи, придавки и извичници – помеѓу кои се раѓа нова песна:

„и едно небо во кое сонува поетот
како Хефајст ѓо кове металот,
како Посејдон ѓи бранува морињата,
како Зевс ѓи распалува молњите“.

Поетот ја открива *технологијата* на создавањето на песната за уште еднаш, по кој знае кој пат, да ја разголи својата *идеологија на делузионизмот*. Во тој процес тој оди подалеку и од Адорно кој сметал дека пишувањето поезија по Аушвиц - е варварство. Смилевски вели дека пишувањето поезија не е варварство – заради Аушвиц, ниту заради останатите логори на смртта од минатите децении, туку *„затоа што небото е сè помалку небо“!* (Тоа го акцентира по-

етот кој е, несомнено, повеќе агностик отколку теист, помалку скептик а повеќе хедонист.)

Дали Смилевски, по сите варијантни форми на поетската самодеструкција, го засенува и извесна носталгија? Судејќи според стиховите од песната „Совршена тишина“ се појавуваат и некои поинакви знаци. Мистични? Кармички? Поетот зад „последната песна“ насетува Друго Небо, бидејќи *„Ние сме деца на тајниот концепт / на Неизречивото“.* Доколку, меѓутоа, ги погледнеме стиховите кои му претходат на овој заклучок, ќе забележиме дека во нив сè уште тлее макар маглеста верба во зборот, во траењето на зборот: *„И зад последниот збор постои првозбор / што паметии и сонува ѕвезда со име на човек“.*

Пред повеќе години, во деновите на поетовата младост, со особен интерес ги запознававме и преведувавме опсесивните визии на Веле Смилевски, но тогаш не можеше да се насети во кој правец ќе продолжи да тече тој силен, оригинален творечки бран. Денес тоа го знаеме. Творецот со високи креативни доследности, со емотивна и церебрална миксација и со пророчка демистификација, цврсто ги засновал и втемелил своите уверувања. И својата поетика.

Гане Тодоровски и Веле Смилевски (2000)

ЕФТИМ КЛЕТНИКОВ:

Час по поезија е десетта поетска книга на Веле Смилевски. Првата *Слика што согорува* ја објави 1974. По неа до сега следуваа уште: *Кафез, Диши длабоко, Одзивот на здивот, Подвижни трчки, Гребнатинки, Педесет песни, Педесет допевања* и *Совршена тишина*. Доволно за волуменот на еден автентичен поетски свет, на едно стамено и инвентивно творечко Јас, чии лирски резултати имаат свое специфично и значајно место во просторот на современата македонска поезија.

Својата поетска оригиналност Веле Смилевски ја истакна уште на самиот почеток, со првата стихозбирка *Слика што согорува*, определувајќи се не формално, туку според импулсите на својата внатрешна вокација и творечки нагон, да плови против струја, односно спротивно од дотогаш разгазените патишта на нашата поезија. Да заземе курс на пловидба надвор од дотогашните магистрални линии на нејзините тематски слоеви и поетска експресија. Меѓу нив доминантна беше линијата на сакралниот однос кон поетскиот предмет, и вниманието кое ѝ се посветуваше на фолклорната традиција, која подоцна целосно се амалгамизира со модерниот поетски израз.

Наместо да ги следи овие магистрали, да се вглоби во нив и на нив да ја гради својата поетика и својот поетски свет, Веле Смилевски се реши за една апартна, целосно модернистичка стратегија и експресија во која, малармеовски речено, поетскиот предмет повеќе се сугерира, отколку цврсто дефинира и материјализира.

Неговиот асоцијативен механизам целосно работи на погонот на интуицијата и ги отвора мотивите однатре, од чистата јазична јатка. Неговата енергија на имагинирање е центрифугална, распрснувачка, создавајќи притоа цели роеви од изненадувачки фрагментарни, микрослики и асоцијации. Смилевски, слично на надреалистите, има извонредно изострено сетило и чувство за вжештениот асоцијативен пулс на јазикот, препуштајќи ѝ се притоа речиси инстинктивно на изненадувачката игра на сликите и метафорите што се ројат од него. Тоа се случува и во неговите, условно рече-

но, урбани мотиви во некои книги, чија „материјална“ содржина е исто така подложена на една јазичка хипостаза, која ја плете деликатната семантичка мрежа од точките и нишките на целосно спонтаниот, а сепак во добра мерка рафиниран ритам на имагинирање. Сето тоа нѐ води кон добро познатиот метод на онеобичување за кој, како пает, Веле Смилевски е вистински мајстор, доведувајќи го честопати истиот до крајните граници на апстракцијата на која во својата рана поетска фаза тој ѝ е посебно наклонет.

Тој до усвитеност динамичен асоцијативен стил Веле Смилевски од книга во книга ќе го варира, испитувајќи го на разгранетата мрежа од мотиви, кои не претендираат на

Веле Смилевски и Гане Тодоровски (2010)

цврст, дефиниран тематски и филозофски систем, сè до неговата стихозбирка *Педесет песни* (2000). Од неа натаму, во следните поетски книги *Педесет допевања* (2005) и *Совршена тишина* (2009), сè до најновата *Час по поезија* (2010), овој поет ќе направи безмалку радикален свијок во поетичкото третирање и литерарно-филозофско промислување на поетскиот предмет. Во што се состои тој свијок на нагласена иновација? Пред сè во тоа што сега наместо „иницијатива на зборовите“ (С. Маларме) и асоцијативниот систем очистен од било каква надворешна дескрипција на социјалното и егзистенцијалното, им е дадена доминантна иницијатива на идеите. Но, се разбира, луцидно изложени и реализирани со еден интелегентен поетски дискурс. Потезите на поетот се внимателни, суптилни и прецизни. Тие мајсторски водат до завршниот расплет на идејата-песна, до поентата, која е, ако може така да се рече, специјалитет на Смилевски, негово најсилно место, централен столб на лирската структура во неговата нова поетска етапа.

БРАНКО ЦВЕТКОСКИ:

Поемата „Век за самување“ од Веле Смилевски донесува самосвоен и прочистен пев кој е во плодоносна комуникација со големите светски поеми што значат висок дострел во европската и светската литература. Овој моќен пев, од почетокот до крајот се одвива супериорно, со очигледна полифонија, со продуктивна алузивност и со семантичка и мошне ефикасна флуентност, својство кое и овозможува да се чита на повеќе рамништа и планови. Со други зборови, таа го користи принципот - *од едно грло повеќе гласови*, поведувајќи го читателот по најразлични можни насоки, од кои секоја ветува и нуди богата естетска наслада. Поемата е заситена со мноштво симболи кои моќно ја армираат и ја искреваат како пев што открива, како плетенка од конкретни и метафизички созвучја. „Дејствието“ го носи еден богат и сложен глас кој е израз на свет што е можно да биде лоцирана во пренаталните сфери каде што е наведната над можното постварување, но исто така е податливо за толкување стојалиштето според кое целиот пев е родилен напор на една уште незбидната свест на едно дело, скулптура, која што е на чекор да се дофати до реализација и до комплетна оживотвореност. Ова сведочи дека мож-

ностите за разгатка и толкување на овој чист и ѕунлив пев се многустрани, ако не и неисцрпни.

Секоја друга уметност има ограничен обем на својата тематика, единствено книжевноста не познава никакви граници. И токму поради тоа неограничено простирање и посегање по сè што претставува заводлива тематизација секогаш е тенка границата меѓу почетничката и непорекливата и трајна книжевност. Меѓу обидот и неприкосновениот резултат. Поемата „Век за самување“ е остварување со разгранета мотивика во рамките на една извонредно ситуирана тема – човековата осаменост. Одавде и отаде земниот живот. Во подземјето на заборавот и во предворјето на незбиднатоста. Истовремено оваа слоевита поетска градба со благ епско-лирски трепет во целиот свој тек е еклатантна потврда на постулатот дека книжевноста не познава граници само и единствено кога моќно ја надвишува ефемерната димензија на тематиката, лажниот блесок на катадневната измама. Поемата „Век за самување“ од почетокот до својот крај ги размрдува дамарите на обилната сетилност на читањето и нѓ соочува со поетски текст што гради моќна архитектоника од времиња, гласови, патишта, сеништа, успенија и помирувања со судбината на човековата земна зашеметеност и кратковечност, на човековата суета и блен.

Веле Смилевски со корејскиот поет Ко Ун,
добитник на наградата „Златен венец“ (СВП, 2014)

ТОДОР ЧАЛОВСКИ:

Книгата е и крик и штит, кој ги определува годишните мени, забележува поетот, затоа пред скриената и мистична претстава за гревот, воскреснува утилитарна протејска улога на зборот, поривот за нови слики и значења кои му даваат нова смисла на животот потиснувајќи го „неподносливиот мрак“, за да можат свечено да ги огрее ведрината и убавината на постоењето (во циклусот „Книга на слободата“: Свечена книга, Огнена книга, Еротска книга). Од песна во песна, Смилевски во „Забранета книга“, ни се открива како фанатичен заговорник на своевиден лирски перфекционизам, сугерирајќи ни ги длабинските асоцијативни слоеви на кажувањето кои како напати да оставаат впечаток на директна или соголена певност. Тој по друг пат јасно ни укажува дека поезијата не е само спонтана манифестација на духот туку и еден автономен јазик кој со свои тајни шифри, со свои замки и кога се чинат јасно одгатливи, тие во себе штедро го чуваат кодот на своето лирско дешифрирање. Оттаму и не помалку со тага и скепса во песната „Идеална книга“ прашално ќе рече: „Што останало од пораките/ На поетите заведени во книгата/ На идеалната држава?“. Многу малку би рекле, или ништо, зашто протерувајќи ги поетите од идеалната држава, Платон, секако не мислел дека ќе успее да им го укине и правото на сонување.

Настојувајќи да ги растајни густите семиотички одговори во погодувањето на вистинскиот клуч, поетот Ефтим Клетников во текстот „Поетскиот говор на Книгата – битие“, изразито ја преферира размислата за предметнава поетска книга на Веле Смилевски, дека е таа градена врз принципот на умножени варијации, со еден „до апсолут доминантен поетски предмет - Книгата“, укажува тој потсетувајќи на слични поетички и поетско-филозофски концепти кај Стефан Маларме - преку неговата проекција светот да се гледа како Книга или како бескрајна библиотека кај Хорхе Луис Борхес. Тој идеал за Книгата како стожерен архетип, не само што ја устоличува Книгата како централна метафора на речта туку тој ја дефинира и како обнова на целиот универзум преку идеалот за Големата книга или Либер Мунди.

Во најновото поетско остварување на Смилевски во нему препознатлив стил, ги открива плодовите од библиското Дрво на познанието „на долгото патување што цути“ и нуди нови плодови за артикулирање на секое неспокојство или „забрана“ што ја исчитуваме, со особено љубопитство во песните на авторот. Во нив се детерминира смислата за чудесна поврзаност меѓу светот на модерниот параболичен анти-утопизам и постмодернистичката привлечност на зад-скриената и никогаш докрај неподатлива таинственост што остава траен белег на човековото духовно и физичко при-суство во времето сопствено и универзално. Затоа е нужно почесто потсетувањето за силата и трошноста на нашата ег-зистенција пред која заемно ни се укажува „духовниот бес-крај“.

Оттаму и „вжештувањето на кладата која постепено нѐ внесува / во делот на ненапишаното“ , концептулно ги на-вестува идните домислувања и возбуди во поезијата на Веле Смилевски. Оти, се чини, непрестанал тупотот на „Коњите на Книгата“, кои ја враќаат изгубената доверба во нас сами-те, удирајќи во зборот, во пораката, заведувајќи го и кон-трастирајќи го самиот живот, семето што продолжува, „Што нѐ создаде / Со кое создаваме / Во галоп“ ќе поентира пое-тот.

Олга и Веле Смилевски (2014)

Оваа мудра и богата со симболичко-метафоричен, асоцијативен текстуален и контекстуален поетски проговор, отворена е, а не е „Забранета Книга“, ни дарува стихови и песни со кои и по првичниот прочит остануваме повторно зачудени и запрашани: дали сме ги препознале целосно нивните перцептивни и асоцијативни значења, предизвикани од можноста дали сме ги разбрале сосема нивните реални и метафизички, а со тоа и повеќеслојни, раскопки и амалгамизирани блесоци и изненади.

МИОДРАГ ДРУГОВАЦ:

Втората книга песни, со наслов „Кафез“ од Веле Смилевски започнува со стиховите „Вртејќи се каменот како птица пропева…“, а завршува со стиховите „Меѓу ѕвездите и бетонот. Зборови меки и тврди”. И покрај тоа што не е посебно нагласено, изразот *меѓу* овде симболизира еден *меѓупростор:* тоа *меѓу* е, всушност, второ име на оној ист *кафез* со кој е насловена оваа книга, а кафезот пак е поширока метафора на *меѓупросторот* во кој асоцијативно се претскажува лирскиот свет на Смилевски: *ѕидиште* и *осекиште* на една егзистенција на урбаните, астралните и антејските симболи, со идејни и естетски референции кои суштински се однесуваат на природата и на човековата преокупираност со себе и со траењето.

Притоа се микроскопираат во тоа траење, видено одвнатре и однадвор со своите штедри впечатоци, виолентни проблесоци, но и благи алхемичарски тонови од работ на лирското доживување!

Со тие тонови, без сомнение, не можат да сметаат ниту поетите кои, како и Смилевски, на авантурата на јазикот ѝ се предаваат како опчинети од внатрешниот сјај на зборовите и вкрстувајќи го, тој сјај, со звукот (зборот) остваруваат ефекти без кои песната би останала без својата мелодиска и формална схема, но со кои, исто така, ниту една песна во структурен поглед, што значи и смисловно (човечки, хуманистички) не се исцрпува.

Како нашиот поет да бил на тежок испит, соочен со прашањето: Како на зборовите да им се овозможи да от-

кријат и некои тајни слоеви на значења, за кои уште футуристите и надреалистите, од Маринети и Хлебников, до Бретон и Матиќ, со толкава страст трагале сè додека не им тргнало од рака да пронајдат некој од клучевите за нивно заумно и потсвесно препознавање и осмислување со стихови карактеристични со својата раскошна асоцијативност. Очигледно е дека Смилевски го прифатил предизвикот на овие поетики: неговите лирски откровенија можеби и нема да делуваат на нашето око запрепастувачки, но за возврат стиховите од книгата „Кафез“ ќе кријат во себе една вербална ерес, една семантичка соблазност, а во секој случај *деликатност* на јазичка (лирска авантура) која на поетот му го признава правото на свој интелектуален немир, на свој пат, на сопствени стилско-изразни специфики.

Веле Смилевски и Влада Урошевиќ (2002)

Сигурен во искуството на предходниците, Смилевски, меѓутоа, се чини е многу посигурен во смислата на своето поетско определување: ќе ги пробуди внатрешните пејзажи на зборот, ќе ги разбранува во него оние содржини кои ина-

ку, како и *каменоѿ* (чест симбол во оваа поезија) нема да покрене имагинативна бура, доколку не ја надвладее довербата во естетската и човечката целисходност на лирската игра, ова будење на непозната енергија на значења на *исѿи а ѿоинакви зборови,* на овој ритуал на јазикот кој секогаш, па и кај Смилевски, пркоси кога ќе се најде на лирски испит, како да е тоа токму испит на неговата сопствена совест – со право на своја игра, драж на експериментот, палијатив на нонсенс, а без право на самозаборав во таа игра со зборот.

САВА ХЕРЖМАН:

Во големиот, но незатворен круг на поети основачи и продолжувачи на современите текови – со Б. Конески, А. Шопов, Сл. Јаневски и десетици други, влегуваат во седумдесетите години на минатиот век во македонската поезија покрај Веле Смилевски и цела редица негови врсници, секој со сопствени особености, но и со некои паралелни црти: предметно гледање, проникливо барање на нови форми, специфичен однос кон природата и особено кон градската средина. Од многуте други автори се одликува Веле Смилевски со својот длабок внатрешен однос кон најбитниот инструмент на секој поет – кон јазикот. Токму јазикот и виртуозната игра со јазикот, користењето на сите нијанси на зборот, на синонимијата и пред сè неговото разграничување на поларизацијата на предметите и потскажување на нивниот взаемен однос: кафез – птица, аквариум – риба, ваза – цвеќе, не значи дека поетот ја занемарува многустраноста на односите – туку обратно: подобро ги осознава спојувањето и поврзаноста на царството на природата и на човекот и нивната взаемна зависност (огледна во оваа смисла е песната за смокот и отруениот гулаб во која успешно се користи омонимијата на зборовите: смок – смог). Поетот Веле Смилевски го осознава егзистенцијалниот размер на светот во кој паралелно со слободните споеви постои и принудена поврзаност, ограничување на слободното движење и изолацијата на човекот, на животното и на цвеќето од неговата природна средина. Тој знае дека предметот на уметноста не е само светот на појавите туку и тоа што се крие зад

нив. И само творечката сила на уметникот и неговата творечка фантазија можат да ни ја откријат оваа тајна.

Секој поет бара свое сопствено гледање на реалноста околу него со помош и со посредство на призмата на својот инструмент – јазикот. Го осознава тоа што многу точно го искажал во дваесетите години на минатиот век Витезслав Незвал:

Јас сум леќа во која се се разложува,
убавината на светот и отстапува на природната
убавина,
на убавината запишана со зборовите.

Веле Смилевски на промоција на романот
„Полицајка в кревет“ (2012)

Слично и реалноста на Смилевски, содржана во неговата поезија, има свој самосвоен живот и своја порака. Притоа поетот се одрекува од пребогат опис кој би кипел од епитети и традиционални поетски украси. Во неговиот штедлив јазик кој нè потсетува со својата продорност на Зб. Херберт, предметите функционираат во обликот на некаков спасувачки појас. Така, изненадно влева живот незабележително меурче во аквариумот, или вресокот на малата птичка од кафезот. И неговиот аквариум живее со свој сопствен живот, олицетворен со птичка од калај – риба – со својата застоена жолтеникава вода и снопче сончеви зраци, кои ѝ вдахнуваат на водата посебна магија (песната „Аквариум“). Поетот ни овозможува да проживееме заедно пријатни мигови со неговите гости, да го почувствуваме на својот јазик вкусот на бразилското кафе и да го забележиме жолто обоениот поглед низ прозорецот.

Односот кон поетскиот јазик во поезијата на Смилевски бара опширен опис: би можеле посебно да се занимаваме со тоа како тој умее да користи навидум непоетски детали, како што е речиси фонетски точниот опис на гласот кој градира во поетска слика; како му овозможува на читателот заедно со него да го дели чудењето над обичниот збор во необично соседство; како ќе нè изненади со оригинална асоцијација, необично користење на синонимијата и омонимијата. Нè потсетува на искусен диригент кој умее да најде за секој збор и за секоја реченица најзпечатливо место.

ДАНИЛО КОЦЕВСКИ:

„Празно е сега мазното шише на смислата“. Овој стих на поетот Веле Смилевски од песната „Вакуум“ (стихозбирката „Кафез“), може да биде особено карактеристичен за македонската поезија која започна да се пишува во почетокот на седумдесеттите години. Таа генерација (Санде Стојчевски, Олга Арбуљевска, Катица Ќулавкова, Љупчо Димитровски, Милош Линдро, Ристо Лазаров, Љупчо Силјановски, и др.), иако не доаѓаше униформирано, по низата свои, пред сè јазичко-стилски и формално-конструктивни особености, како да започна да го празни „мазното шише на смислата“: во свртеноста кон (де)конструкдијата на поет-

ската фраза, во јазикот кој е „напнат“ до експлозија. Широките гестови, емфатичниот тон, блескавата метафоричност сега ѝ отстапуваат место на „соголувањето на постапката“, свеста за иновантното, па и заумното, со сите ризици што таквата творечка постапка ги носи со себе.

Може да се рече дека поетот Веле Смилевски меѓу првите во тоа време се интересираше за деструкцијата на некои конвенционални облици и „кршење“ на смислата: не толку со својата прва книга „Слика што согорува“ (Мисла, Скопје, 1974), колку со книгата „Кафез“ објавена кај истиот издавач, 1978 година. Во трагањето по специфични семантички нивоа на песната, Смилевски го користи и графизмот, графичко-визуелните решенија кои имплицираат повеќе пристапи, начини на читање и откривање на песната. Емоционалниот набој и надворешната блескавост на стихот се сведени на минимум: јазичко-поетската мрежа што ја плете и за која се залага поетот, во овојата скржавост и соголеност, повеќе е свртена кон загатката, елиптичниот гавор, отколку кон раскошниот излив и буен говор на тропите:

„Над нас крила од дебели книги:
Лиги од зборот недоречен, зачнат само“.(„Вакуум“)

Веле Смилевски (2014)

Таа елиптичност и скудност во поезијата на Веле Смилевски наеднаш се открива и како еден вид закана, празнина, бездна што го демне современиот човек: *кафезот* е токму она што ја симболизира таа елиптичност и скржавост, спиралата што нè обрабува и затвора, *празнината*, белините, „стихуваните“ паузи исто така ја подзасилуваат таа закана која е двојна: закана на песната (води ли во молк и *немуштост*), и закана на моралот, на обезличената егзистенција.

Од сите овие особености на поетскиот ракопис на Смилевски се изделува уште една која е доминантна: иронијата и самоиронијата! Во една директна сооченост на човекот со проблемите на егзистенцијата и современиот свет во кој живее, иронијата се јавува во улога на можното трагање по излезот, зашто, само човекот *устремен кон нешто*, надмоќниот човек може да иронизира! А тоа е онаа креативна, благотворна ирониј која и зад прокобата ја гледа надежта:

„*Претстава ненајавена и мала:*
Дијалог со море и - мора,
Со светлина што расте и се распаѓа.
Вода по подот, по тврдата кожа на телото.
(Мора да се лежи, но и да се дише?)“ („Аквариум“)

Зборувајќи за особеностите во поезијата на Смилевски, како што се елиптичноста, графизмот, јазичките истражувања, треба да се нагласи сепак, дека станува збор за поезија и поетска постапка која во ниту еден момент не ја губи врската со реалното, опипливото, доживеаното, конкретното. Напротив. Речиси секоја песна својот повод го наоѓа во еден таков, појдовен детаљ на конкретноста, кој потоа сложено се обликува и разгранува на повеќе нивоа. И ако секоја песна во суштина мора да биде еден вид сетилна сензација, таа сетилна сензација во оваа поезија е посебно нагласена: она што е камерно, интимно, сетилно, првичен рефлекс, забележување и доживување, се настојува да се задржи во неговата *првична чистота*, градејќи ја поетичноста токму врз таа првичност, искршеност, фрагментарност, проблесокот на камерно обоената, но минуциозната и рафинирана опсервација.

Ваквиот начин на опсервација и поетиката на искршеност во двете наредни поетски книги на Веле Смилевски е уште понагласена („Диши длабоко“,1985 и „Одзив на здивот“, 1987). Неговата поетска книга „Одзив на здивот“ можеби е и

најистражувачка во таа смисла. Тоа покажува дека духот на истражувањето не е само празна обвивка, „форма“, туку суштински творечки агенс во поезијата. Овие книги, сега на интересен начин обединуваат две нивоа: поетот е свртен кон еротското како сетилност, како физикус, како тело, но и еротското во *тексТоТ*, како текстуален ерос. Таа комбинација ги дава и највредните поетски дострели на овој автор.

БИЛЈАНА АНГЕЛОВСКА:

Единствениот уметнички антички мит, митот за Атлантида, долго време беше недопрена тема за современите македонски поети. Можеби токму неговата вистинитост, а истовремено и загадочност, беа причина да стои понастрана од поетовата инспирација, од некој необјаснив страв да се допре недопреното. А токму таа загадочност беше предизвик за поетот Веле Смилевски да се соочи со уметничката античка приказна за древниот исчезнат свет. И долго време неговата песна „Потоп“, објавена во 1974, беше и единствена во современата македонска поезија.

Веле Смилевски има посебен осет да ги издели најзагадочните митски приказни или личности, за да станат тема на неговата песна, па така тој се зафаќа со големо пеење наречено антејско - тоа се неговите две песни „Антејска (додека се будам)“ и „Игрите од уплав сé така лебдат (Антејска)“. А токму античкиот јунак Антеј е сосем поетски непровокативен во својата прозна фабула. Антеј е божјо дете што е дрзник и насилник, луѓето што ги среќавал по своите патешествија ги провоцирал на кавга, а потоа ги убивал. Антеј е божествено силен бидејќи е син на мајката Земја, на божицата Геја. Конечно, на патот на Антеј ќе застане Херакле, кој ќе се сети дека силата на Антеј доаѓа од допирот со земјата, со неговата божица-мајка, и затоа ќе го подигне од земјата и ќе го задави, конечно ќе го убие. Самиот мит нуди огромна низа асоцијации, се кријат во него можности за различни толкувања, но единствениот сегмент на митот што би можеле да го наречеме поетичен е оној што говори за добивање сила од земјата. Поетите можат да ги занемарат Антеевите дрскости и можат да длабат поетски по митското кажување, дека силата доаѓа од земјата, митски и архетипски поим за мајка. Токму таа провокативност е пре-

дизвик за поетот Веле Смилевски. Основната нишка е поврзаноста на човекот со земјата. И одново Смилевски е единствениот во современата македонска поезија што воошто ќе посегне по митот за Антеј, и тоа со тема мошне присутна во македонската поезија, поврзаноста на човекот со земјата, од која изникнал. Смилевски мошне суптилно го пренесува посредното учество на значењето на античкиот мит за Антеј со префрлањето во придавска форма - песните не се насловуваат со името Антеј, туку во придавско значење антејска - со тоа локалното, конкретно значење на митскиот јунак се универзализира и се отвора можност за слободно асоцијативно будење на поетот во нова конотација, микросветот неминовно се отвора во можноста да се размислува за макросветот.

Ако дозволиме да прифатиме дека во основата постои трајно користење на античките теми, кои формираат три модели на рецепција - сакрализација, десакрализација и манипулација, во секој случај поезијата на Веле Смилевски припаѓа кон моделот на сакрализација. Поетот секогаш ја гледа антиката како живо јадро на асоцијации од кои песните сами се раѓаат, таа е свет простор на значења и тој има право да даде свое ново, поинакво видување, но никогаш нема право да ја омаловажи веќе постојаната вредност. Со таквиот став, кој избива од користењето на конкретните антички теми, можеме да забележиме дека поетот Смилевски знае да ги почитува вредностите и да ги користи во сопствена полза, внесувајќи ги во своите песни како мисла и размисла.

Веле Смилевски и Љубомир Левчев (2012)

РАСТ – списание за книжевност, уметност и култура

ПЕСНАТА ПАЛИМПСЕСТ

Веле Смилевски

СКИЦА ЗА МАНИФЕСТ

ПЕСНАТА ПАЛИМПСЕСТ
(АРС ПОЕТИЧКИ БЕЛЕШКИ)

Како автор особено полагам на стихозбирките што ги објавив по 2000 година. Станува збор за поетската трилогија „Час по поезија“, што ја сочинуваат книгите „Педесет песни“ (2000), „Педесет допевања“ (2005) и „Час по поезија – Педесет поетски коментари“ (2010). Во 2009 година ја објавив „Совршена тишина“, а подоцна стихозбирката „Забранета книга“ (2011) и поемата „Век за самување“ (2012). Трилогијата „Час по поезија“ е работена како проект составен од три комплементарни блока, чии наслови ја сугерираат нивната поврзаност. Секоја песна од првиот блок има свој пандан, свое доречување, реплика, свое допевање или поетски коментар во вториот и третиот блок. На тој начин песните добиваат облик на палимпсести, така што читателот има можност да комуницира со оној слој што нему му дава повод за свое доречување, за свое допевање. Значи, читателот ја има можноста да учествува во тој процес на допевање на песните, а тоа е она што јас како автор сакав да го постигнам: моите стихови да бидат повод за еден нов слој на палимпсестот од кој потоа ќе ја почувствувам повратната реакција, како ехо на траење на песната кај оние на кои таа им е наменета, а тоа се читателите.

Во послободна, асоцијативна смисла, во дел од песните палимпсест се обидувам да допрам некои од идеите на поетската братија од различни векови, од различни простори, од различни творечки определби. Тоа е можност за откривања и себеоткривања, за проширување на творечките простори, за синтези. Поезијата е игра во која знаењето, талентот, идеите, пораките, чувствата, се во кругот на вечната обнова на природата. Замислете поттикот за една таква игра да го имате во киселата насмевка на непомирливиот циник Лучијан Блага и да ги чуете чекорите на пророкот и далечниот одглас на Вилијам Блејк: „Америка – пророштво“,„Европа – пророштво“, и да погледате како Луј Арагон ги затвора прозорците бранејќи се од црвени ветрови, и да от-

криете како со бели ракавици на рацете во малиот дуќан во Кембрич Тед Хјуз препарира пештерски птици, да доживеете како пред вас се распаѓа светот на Збигњев Херберт, додека Жан Пол Гибер долго ви го толкува лицето на благата смрт; и се така упорно да патувате кон станицата во пустина за да го слушате гласот на Јосиф Бродски. Но таа станица во пустина не е крајот. Таа станица во пустина е почеток на Нова Песна.

КНИГАТА ОДГЛАС

Вие сте, сосема случајно,
На големиот премин
И, заплиснати од киселата насмевка
на непоправливиот циник Лучијан Блага,
Ги слушате чекорите на пророкот.

Америка: пророштво!
Европа: пророштво!
Далечниот одглас на Вилијам Блејк
Ве пресретнува.

Додека низ решетките на јазикот
Ги пребарувате зборовите
Редејќи ги од праг на праг
Несакајќи отсекувате прамен
Од косата на Паул Целан.

(Од огнот на радоста
До новото огорчување
Луј Арагон ги затвора прозорците
Бранејќи се од црвени ветрови).

Додека ги премерувате
Границите на празнината
Што ве соочуваат со Јаството
Со планината што постои за вас
Од другата страна, потпрен на бастун со левата,
Ви мавта со десната рака Мирослав Холуб.

(Скришум, со бели ракавици на рацете,
Во малиот дуќан во Кембриџ

Тед Хјуз препарира пештерски птици)

Додека скицирате студии на предметите
Со кои оставате оттисок во глина
Пред вас се распаѓа светот на Збигњев Херберт.

(Бидете стрпливи,
Зад границата на минатите дни
Александар Блок на бреза црта срце).

Додека заспивате во постелата на доцниот час
Марк Стренд упорно ви тврди:
Ова е вистинскиот час!

Осамени меѓу прастарите стебла
Ја слушате виолината на Марин Сореску,
А потоа долго Жан Пол Гибер
Ви го толкува лицето на благата смрт.

(Сина вода блика во сеќавањето:
Од мостот на Незвал
Гледате жена во множина).

Додека се одмарате во сенката што дише
Го чувствувате нераздипленият здив на Ив Бонфоа
И издишувате, издишувате, издишувате.

Додека патувате кон станицата во пустина
Го слушате гласот на Јосиф Бродски
Немо запишан меѓу кориците на Книгата Одглас.

Тоа не е крајот.
Тоа е само почеток.

*

При создавањето на песната палимпсест важна е творечката самосвест на поетот. Тоа чувство на самосвест ја одредува неговата позиција во преплетот на идеи, стилски постапки, естетски проблесоци и вредности. Едноставно, песната палимпсест треба да функционира со сите свои сегменти и со сите свои сло-

еви како посебен организам. Важна е и рецепцијата на тие песни од оној што доаѓа во допир со нив, способноста на читателот да ги препознае слоевите кои ја чинат целината. Поетот треба да биде подготвен за таквиот предизвик и за ризиците што го следат при таквиот начин на создавање. Во контактот со таквиот вид поезија и читателот треба да биде подготвен за предизвикот и за ризиците што го следат при нејзината рецепција.

Кога се решаваш да пливаш во океанот треба да знаеш да ги почувствуваш и да се сродиш со струите што те водат во непознатото. Да ја почувствуваш таа енергија, тоа богатство низ прозрачните широчини на океанот. Но никогаш не заборавај дека во тој подвиг од некаде те следат досадни, ситни гадинки, и други на нив слични единки. Не заборавај да ги почитуваш и нив, почитувајќи го и нивното право да бидат во тој океан на местото на кое се и од кое те гледаат. Тие имаат право на тоа. Без нив океанот не би бил тоа.

*

Значајни поети во македонската литература речиси од сите генерации, од Славко Јаневски до Славе Ѓорѓо Димоски, на своевиден начин ѝ се препуштиле на интонацијата што извира од големата песна „Т'га за југ“ на Константин Миладинов. Јасно им е на оние што ја знаат песната „Сентиментално писмо“ на

Веле Смилевски (2003)

Славко Јаневски со стиховите „орелски крилја ќе си метнеш / ќе го видиш Охрид, ќе ја видиш Струга“, или на една честа тема во поезијата на Славе Ѓорѓо Димоски, темата снег. Се сеќаваме на оние познати варијации на Димоски на тема снег, доведени и до усвитеност во стихот што ни го испраќа „снежниот пламен“ од песната „Зимска светлина“, на која нѐ потсетуваат „белите огледала снег“, за да дојдеме до песната „Блиска врска“ во која нуклеусот на ваквата *врска* можеби е во некоја далечна рефлексија на Константиновата „Тага за југ“, со она „Вее снег, ги завева охрид и москва.“ Триптихонот „Песната палипсест“ го напишав во Прага, зимата 1995 година, и тој е објавен во стихозбирката „Педесет песни“ (2000). Потоа на оваа тема спонтано се надоврзаа уште два триптихона: „Тагата на Константин Миладинов“ (во книгата „Педесет допевања“, 2005) и „Песната препознавање“ објавена во стихозбирката „Час по поезија – Педесет поетски коментари“, 2010.



Веле Смилевски (1972)

ПЕСНАТА ПАЛИМПСЕСТ

...с'нце да зајдвит, ја да умирам
Константин Миладинов

1.
Крилјата обесени зад вратата,
прашливи, со мирис на прелетано време.

Мрачно е и во мрак пребарувам дребулии,
закрпки за ведрината во сон што ме обвива.

Не, јас не можам сега да кажам
како што кажува
додека тече водата, додека јачи каменот,
додека од жарот пламнува пламенот.

Сепак, пребарувам зборови
низ преданија за заодот.

Меѓу багаж со туѓи адреси
чекам на наши страни да си прелетнам
со мисла на наши места да си идам
да видам Охрид, Струга да видам.

2.
Чекајќи го веков во туѓина остарев
и сега коските ми плачат однадвор
низ правта на пустината
во дуните на копнежот.

На прозорецот од времето
мразој и виулици ми ја лепат душата
навасана од глодари и бубачки
од гниди и пајаци.

Саноќ Некој ги меша картите.
Игра во празно:
Гламната исчадува, се рони.

3.
Крилјата, обесени зад вратата,
стануваат музејска реткост.

Орел слетува во сонот на децата
и ги плаши.

С'нце светло зајдвит в гората.

Јас доаѓам од друго време
со мисла на наши места да си идам
да видам Охрид, Струга да видам.

Прага, декември 1995

ТАГАТА НА КОНСТАНТИН МИЛАДИНОВ

1.
Ме познавате и ве познавам.
Шетам по калдрмава замаен
и верувам дека сум на вистинското место.

На балконот слетува голапче,
ко од мое време да е.

Ќе одлета
ко мене ако е.

2.
Имам правнук што ме слави
во музеј со орелски крилја.

Душава ми е препариран лет
низ правта на пустината
во дуните на копнежот.

Малее, ја снемува,
во одаја за проштевање.

3.
Не, јас не можам сега да кажам
како што кажува
додека тече водата, додека јачи каменот,
додека од жарот пламнува пламенот.

Но ве слушам, ве слушам,
цел век и нешто згора од тоа.

На балконот слетува голапче,
ко од мое време да е.

С'нце светло зајдвит в гората.

Веле Смилевски (СВП, 1984)

ПЕСНАТА ПРЕПОЗНАВАЊЕ

…орелски крилја как да си метнам
Константин Миладинов

1.
В наши страни да си прелетнам,
Си велев пред да дојдам
Пребарувајќи во куферот
Дребулии од писмата испратени
Прво, второ, трето …
И пределувајќи ги писмата дојдени
Прво, второ трето…

Сега во оваа жештина се бранам од муви
И досада ми натежнува.
Што не напишав во писмата испратени?
Што не ми напишавте во писмата дојдени?
Се прашувам пред зајдисонце
Седнат на кутната врба крај езерото
Со нозете до глуждови во вода.

Што остана недоречено меѓу нас, мили мои,
Та раскрилено во кафез голапчето
Задишано, подзинато, со срце што чиниш
Ќе му излета, ја греит душата.
А душата плаче, сал плаче.

Остана ли нешто недоречено?

2.
Не, јас не можам сега да кажам
Како што кажува
Додека тече водата, додека јачи каменот,
Додека од жарот пламнува пламенот.

Езерото гледаш белеит
А околу камењата се вијат црни пијавици
Црни букви на прокоба
На зајдисонце.

Ве чекам, мили мои, на збор одговор
Колку да не бидам сам
Со голапчето што ми вели
Дека не знам што ми вели.

3.
Овде е жешко и жештина ме обвива
Додека ве чекам седнат на кутната врба
Да дојдете за да ги препознаеме буквите
Од црни пијавици и да го откриеме каменот
Што ги скрива на зајдисонце.

С'нце светло зајдвит в гората
А таа темнее во сонот на голапчето.

Се огледувам во водата што ме заплиснува
Околу глуждовите и, во приквечерина, ме заладува
Додека ве чекам, мили мои, на збор одговор
Недоречен во писмата испратени и дојдени.

Веле Смилевски (2001)

Стиховите од „Песната палимпсест“, „Тагата на Константин Миладинов“ и „Песната препознавање“ своите слоеви ги разоткриваат главно преку одредени сегменти на јазикот на авторот, основоположникот на новата македонска поезија, од одредени зборови и синтагми со кои се доловува атмосферата што е иницијација за палимпсестот: музеј со орелски крилја, голапче, ја греит душата, езерото гледаш белеит, мразој и вилулици; но и преку парадоксот на основната атмосфера: овде е жешко и жештина ме обвива, сега во оваа жештина досада ми натежнува. Во оваа смисла слична е „Песната порака“ во чија палимпсестна форма ќе се забележи јазикот и атмосферата во поезијата на Рајко Жинзифов. Оваа песна е напишана во Прага, во 1994 година, 130 години по писмото на Рајко Жинзифов од Москва во кое тој ја искажува големата желба да допатува во овој град. Во „Песната порака“ ги среќаваме овие зборови и синтагми: прошедба, сињото, бела кошула, в чудната ни Македонија, крајно бедствие, далеч од родина, далеч од роднини.

ПЕСНАТА ПОРАКА

Мене, како и на сите учени овде, многу ми
се сака да дојдам во Прага, ама не знам,
оти мојата пазуварка е сосема празна; пиши ми,
ти се молам, со колку може да се живее таму
по сиромашки
Рајко Жинзифов во писмо од 1864. (Јан.) Москва

Ми пишуваш дека кочијата ме чека на Бертранка
на самиот измин на Друг Век.

Ми велиш да не прашувам за пари
а да дојдам, оти сум си ја спечалил прошедбата.

Арно, ама сè помала е можноста да дојдам,
да се спуштам од сињото, од високото,
од студените спили на мојата небеска постела.

Не дека немам.
Сега сè си имам:
мониста нижани од ладна пот
зарабени на камената ми перница,
чиста промена, бела кошула.

Си имам леб и вино на претек
за мојата бессоница.

Сепак, доцна е да бидам и ваму, и таму, и онаму,
в чудната ни Македонија.
Времето ме научи, после крајно бедствие,
на самотна прошедба,
далеч од родина, далеч од роднини.

Сега само живи слова јас ти праќам
со топла љубов но и злоба
од непрегледна туѓина.

И едно те молам,
мојте речи што ќе чуеш
верно ти да ги прикажеш:

Јас страдам од сенки во сенката што ме покрива
и никој мојта жалба не ја слуша.

Болен од осама стојам на високо место
в небесна висина
во Божиј Храм маки земни теглам
а вас, ближни, ве нема.
Овде сè е тишина!

*

Песната „Допевања“ е воведна во завршната книга од поетската трилогија „Час по поезија“. Оваа песна со својот наслов го *дефинира* карактерот на поетската трилогија во која преку формата на *допевања* во секоја од тие книги песните нудат нови семантички слоеви. На тој начин таа имплицитно укажува и на една од поетолошките карактеристики на овој дел од моето творештво: користењето на палимпсестот како форма на создавање во кое сè е кажано, но сè допрва треба да се каже. Песната „Допевања“ потсетува на тоа со мотото од зборовите на Блаже Конески, но и со стиховите во кои зад секој слој на поетската слика се открива нова слика, нова содржина, нов значенски слој. Тоа е, како што вели еден стих, *можниот поредок на песната*, во кој: *кога ќе светнат молњи, / домот се отвора како цвет / и*

тогаш / тој е полн со гости. Потоа следува една сукцесија на слики која поентира со стихот: *Песната е на пат за Друго Време.*

ДОПЕВАЊА

Во поезијата, како и во љубовта, е сè речено,
а сепак треба сè допрва да се рече.
Блаже Конески

Има еден простор што го нарекуваме дом
во кој предметите се во совршена функција
на заговор против Времето.
Тоа е, најверојатно, сон
за можниот поредок на песната
на чии прозорци
се надвиснуваат сенките на смртта.
Кога ќе светнат молњи,
домот се отвора како цвет
и тогаш тој е полн со гости.
И преку патот еден друг дом е полн со гости
и друг еден дом преку една река
и друг дом преку еден рид,
и дом еден во едно друго поле,
и во друго време еден сеопшт дом.
Песната е на пат за Друго Време.

Веле Смилевски (1997)

Во секоја слика еден нов дом, еден нов слој од палимпсестот Дом. Сè така низ тој процес кога песната низ своето непрестајно (пре)создавање е на пат за Друго Време. Домот (куќата) има свој живот однадвор, во амбиентот во кој таа е лоцирана, затемелена. Но вистинскиот живот е во нејзината внатрешност во која „предметите се во совршена функција на заговор против Времето“. Во првиот, надворешен слој, сликата е, главно, објективизирана и статична, во вториот слој се случува животот на субјектот (вистински, наспроти можните претпоставки во првиот случај, и динамичен) кој живее во таа куќа и кој ѝ дава свој белег на нејзината суштина. Важноста на таа суштина е во фактот што субјектот го носи во себе „целиот облик на човечката природа” (Монтењ) и токму затоа при неговото исчезнување се јавува сликата на Празната Куќа, пустош во нејзината внатрешност. Во песната „Поетовиот дом“ од стихозбирката „Педесет песни“, за мото ги зедов зборовите на Збигњев Херберт: „Креветот е прописно прекриен. Но никој овде не сака да мине ниту една ноќ.“ Во песната „Поетовиот дом“, меѓу другото, пишувам:

Сега ова е музеј.
Господе, одгледано е времето
И зрело како дуњата на шифоњерот.

Сетете се на детството
Вие што случајно сте наминале
Во овој дом од неми молњи
И запишете нешто во книгата за впечатоци.

Во ходникот е првата станица до пустината.
Сега ова е музеј.

*

Си земам за право да го цитирам Санде Стојчевски кој во својот текст „Магијата на обичното и светото“ пишува: „Не познавам друг наш поет, освен можеби Блаже Конески и донекаде Влада Урошевиќ, кој како Веле Смилевски непрекинато, во автореферентен занес и вознес, пее песни за песната, за нејзината природа, за нејзината многуслојност и за многубројните нејзини лица и облици.“

Си земам за право да направам дигресија, да го свртам вниманието на поетското и есеистичкото творештво на Блаже Конески.

Поетскиот дискурс, изразен низ арс поетички модел во одредени песни на Конески, на своевиден начин кореспондира со есеите во кои овој автор ја отвора својата творечка лабораторија. На тој начин неколку децении еден опит се формулираше како *сознанија* за творештвото и творечкиот чин. Тие сознанија Конески ги нарече *работни погледи* за својата уметничка постапка и за својата уметност. Во носечкиот текст од овој домен, есејот „Еден опит“, тој не пледира на теоретско излагање, туку на изнесување *импресии* од индивидуалниот опит што треба да се примат како *коментар* кон својата творечка биографија. Среќна околност е што во овој однос станува збор за исклучителен поет и исклучителна поезија. Тоа и овозможува есејот да не биде само *излагање на вистините*, туку нивно *проверување*, онака како што тоа убаво го забележува во разгледот на одликите на есеистичкиот стил Јован Христиќ.

Во песната „Зборот“ Блаже Конески пишува: *„Од секогаш сум мислел на излишноста на зборот / дека најмалку го трога тој онега што му е упатен - / од каде тогаш таа потреба да се искажуваме / дури со ритам и рима, дури со алитерации? / Тука види ја сега бесмисленоста на земните извори: / било на ќукур, било на вода, било на грлен извик. / Тоа е порив, и за смисла не прашува!“*. Оваа песна е објавена во збирката „Записи“ (1974). Конески на едно место соопштува дека и покрај отпорот во еден период на своето творештво кон песните во кои станува збор за самата поезија, што тој го наречува *лична контрола* во однос на таквата опсесија, подоцна ќе се покаже дека и во неговиот опус такви песни некако *неусетно* се намножиле. Несомнено е дека песната „Зборот“ е од редот на таквите творби. Нејзините стихови упатуваат на констатацијата на поетот дека во неговите творби во кои тема е песната, меѓу другото, е присутен и „видлив зазор од опасноста што ја крие во себе поетскиот збор“. Притоа се прецизира дека поетскиот занает носи опасност за *душевната рамнотежа*. По ова прашање Конески вака размислува: „Не може да мине ненакажано тоа што поетот открива нови вистини, како што не минало без казна тоа што нашите преродители вкусиле од плодот на дрвото на познанието на доброто и злото. Казна следува иако некој посветен ја издава тајната, како што се случило со Прометеја, кога, против волјата

на боговите, им го открил огнот на луѓето. Поетот премостува големи простори и открива на такви раздалечини често изненадувачки соодветства. Мислата го води и кон вистини што е опасно човек да ги насети. Казната за таква дрскост ја замислував имено како паѓање на душевно растројство, кога психичката конституција на поетот не располага со одбранбен механизам, потребен за воспоставување на душевната рамнотежа.“ Зборувајќи во овој контекст за *тешкотиите* и *замките* на писателскиот позив и творечката работа, поетот како да е исправен пред зборот што е порив: „И така, опасност го демне онега што се решил да ги скротува зборовите. Како што дивиот коњ може да го разнебити со ненадеен удар кротителот, така и зборот со блесок на секавица што открива неочекувано пред погледот некаков грозен призор, може да го разбие душевно човекот што се осмелил да го совлада.“ Ќе може ли творецот да биде спасен од ваквата опасност? Одговорот е потврден, со оглед на тоа што Конески во оваа смисла зборува за одбранбен механизам. Но, тој во исто време потсетува на ситуации и кога таквиот механизам откажува. Притоа за пример е земена поезијата на Бранко Миљковиќ и неговата животна судбина. „Не навреда го убила Бранка Миљковиќа, вели Конески, ами силината на зборовите што ги носел во себе како гласник на неоткриени вистини, и на еден најсилен меѓу нив, како најсилен бран што доаѓа најпосле по многу други бранови да збрише сè пред себе на брегот. Стихот „Уби ме прејака реч“ не може да се разбере, се чини, како што треба, ако не се сетиме дека истиот поет го изрекол и стихот „Исто је певати и умирати!“ Ова прашање Конески го зафаќа и во есејот „Очудување“. Притоа, тој го зема предвид *јасногледството* како иманенција на творештвото и како причина за одредени реперкусии: „Отсекогаш сум мислел дека јасногледството носи со себе голема опасност. Сум мислел дека не може да мине без казна тоа ако некој открива врски што не му се видливи на практичниот опсерватор и искажува вистини што се инаку скриени за човекот. Сум помислувал на Прометејскиот мит. Во екцесни случаи, сум мислел, тоа може да води до тешки внатрешни конфликти и расцеп на личноста.“

Не случајно во овој контекст се зборува за мајсторот и занаетот. Пишувајќи за откривањето на песната, и конкретно за „Тешкото“, Конески го употребува терминот *поетска вештина*. Во текстот „Уби ме прејака реч“, пак, го среќаваме терминот поетски занает. Предзнакот во двата случаја е позитивен. Меѓутоа,

во есејот „Раката на мајсторот“, станува збор за замките на творечката *извештеност* или *рутинираност*. Конкретно, се укажува на една од опасностите, на пример, користење на еден познат (стереотипен) образец или модел при создавањето нови песни: „На авторот може во моментот да му се стори дека открил необичен ритмички текст и нова изненадувачка каденца, а дури подоцна да се сети дека заправо само копирал еден од моделите притаени во неговото сеќавање. Тоа се замките што ни ги поставува самата наша извештеност или рутинираност. Но, само во присуство на стариот фон може најсигурно да се насети просторот за новото. Тоа не може да се изнајде лесно и само со декларативното прифаќање на една поетика што ни ветува непречен достап во дотогаш неоткриени предели.“

Веле Смилевски (2004)

Зборот (јазикот), што е порив и за смисла не прашува е моќно средство на поетскиот занает. Тој скротува, но и самиот треба да биде скротен или (о)смислен. Во тоа се огледа вештината на поетскиот занает. Поетот го обликува светот со јазикот сфатен како Демиург. Тоа е јазикот што памети и сонува, што значи – јазикот што постои, што е жив и животворен, креативниот јазик или јазикот на креацијата, јазикот не само како средство, туку како суштина низ која се изразуваат одредени кон-

станти (духовни, егзистенцијални, историски, национални), и уште: јазикот како естетска категорија, како литература, како остварено дело. Тие својства јазикот ги покажува во сите видови на литературно создавање, па и во преводот. Во оваа смисла Конески приведува еден пример на увереност дека на еден јазик може сè да се преведе. Во такви случаи преведувачот би требало „да располага во своето сеќавање со толку пригодни обрасци од прозодијата и синтагматиката, што не му е тешко да ја изнајде и најсоодветната комбинација за текстот што го преведува“, со напомена дека „тоа бара голема концентрација и способност за контрола“, со оглед на тоа што можно е „да се активира стереотипно еден стар образец и со тоа една современа творба да зазвучи како текст од некој деветнаесетвековен поет.“ За што во овој однос зборува личниот опит на Конески? Одговорот на прашањето е непосредно поврзан со одредницата *сладоста на јазикот*. Всушност, Конески зборува за откривањето на „сладоста на јазикот“: „Таа сензација ја доживеав прво сосема јасно при преведувањето на „Лирски интермецо“ од Хајнрих Хајне. Често преводот на кратките лирски песни го сочинував напамет и дури потоа правев запис. Бев свесен дека не смеам навидум простиот исказ на Хајне да го спуштам на рамништето на нашиот фолклор полн со изгор од севда. Во еден момент почувствував некаква сладост од стиховите што ми успеале, небаре ги џвакам, како што оној градоначалник во расказот на Алфонс Доде, разнежен во природата, почнал да ги џвака темјанушките. Тоа чувство и го нарековв за себе „сладост на јазикот”. Заклучив дека во него имам едно средство на контрола дали сум ја погодил самата звучна душа на поетската порака. Таа моќ кај мене лично се пренесла делум од чулото на вкусот.“

Творештвото на Блаже Конески претставува богат и сложен комплекс на идеи и проникнувања, на сознанија и синтези. Поединечното во опусот на овој автор треба да се согледува и низ особеностите на интегралната оствареност. Тоа треба да се има предвид и кога се соочуваме со прашањето за т.н. експлицитна поетика. Зашто, како што е речено, „во процесот на конституирање на премисата на експлицитната поетика многу се значајни и други прилози од овој автор, без оглед на тоа дали припаѓаат на науката за литература, на науката за јазикот, или на некоја друга област од духовните дејности со коишто тој се занимава. Во нив авторот инкорпорира и во нив генерира неколку глобални идеи, можностите за вербално обликување и начинот

на траењето низ продуктот на уметноста на зборовите, така што во овој вид искази Конески секогаш се занимава со исти прашања – со суштината на творењето и оствареното, но од различни становишта на посматрање. Затоа во така конципираните прилози не е тешко да се препознаат некои од глобалните, естетички, поетолошки и поетски определби. Едно од нив претставува однос меѓу креативното и интелектуалното, не само во продукциониот туку и во рецептивниот модел, потоа однос меѓу емотивното и рационалното, физичкото и метафизичкото и цела низа други односи, што се централни во создавањето на интегралистички сфатената слика, односно во поезијата што претствува според мислењето на писателот еден од рамноправните облици на моделирањето на светот.“

Светот на песната е свет на идеи кои низ нејзиниот јазик ќе се покажат во прочистен вид. Пословично е дека Конески се залага за прочистена, проста и строга песна. Конески е против поетизирања кои во песната претставуваат баласт и како такви ја гушат нејзината смисла, порака и логика. Оттука и неговото сфаќање на метафората во светлината на нејзината не украсна, ами сознајна функција: „Новите изучувања, вели тој, сè почесто нè уверуваат дека метафорите не се само обичен јазичен украс, ами едно од основните средства на нашето познание. Особено е голема откривачката сила на поетските метафори.“ Во оваа смисла како илустративен се посочува примерот на Борис Пастернак. Во годините на својата творечка зрелост тој го надминува херметичкиот, некомуникативен исказ, и како што вели Конески, крева глас против *литературштината* и против *метафоричната наконтеност*. Меѓутоа, посебно се подвлекува дека тој не е *гонител на метафората*. Станува збор за изменет однос кон својата поетска природа, која доаѓајќи до израз низ прозрачноста и едноставноста на зборот, повеќе полага на откривачката наспрема украсната димензија на метафората, повеќе на нејзината спознајна носивост наспрема можното замаглување на значењата низ нејзините сложени лавиринти. Чистотата на стилот Конески ја гледа и од нужноста за јасност на перцепцијата. Подвлекувајќи дека уметникот треба да ја одликува исклучителната јасност на перцепцијата тој појаснува дека „под тоа го подразбираме не само јасното фиксирање на изделениот објект, ами едновремено откривањето на ред врски преку кои тој стапува со другите објекти, а кои остануваат недостапни за практичниот опсерватор.“

Десанка Максимовиќ и Веле Смилевски (СВП, 1988)

Еден од феномените што ја погодуваат размислата на Конески се совпаѓањата. Такви појави тој посочува од редот на своето творештво како примери за кои подоцна наоѓа пандани во својата лектира. Примерите од една страна се од значење со самиот факт што претставуваат *непосредно сведоштво,* а од друга страна се интересни и со оглед на тоа што совпаѓањето се открива во *минимален текст* или во *клучни поими.* Примерите се од песните „Одземање на силата“ и „Песјо брдце“. И во двата случаи се потврдува фактот што го откриваат компаративните истражувања дека и без можност за директни влијанија, во различни временски раздобја и во различни простори се јавуваат аналогни преокупации, мотиви, слики и пораки. Еден дел од песната „Одземање на силата“, во она што се наречува минимален текст, идејата дека светот е создаден за да може Демијургот да ја пренесе својата мака, се покажува дека има своевиден пандан во слична идеја на египетски гностички поет од вториот век на нашата ера. „Сличноста во овој случај“, пишува Конески, „произлегува од изборот на еден систем на митско гледање и претставување. За тој систем е карактеристично незадоволството од делото на Демијургот. Во гностичката филозофија таквото становиште е доминантно. Митското гледање, поставено на таа заедничка основа, можело да доведе до ист заклучок во два момента што не се сврзани по време и простор, при што било исклучено и можното влијание.“ Во вториот случај, песната „Песјо

брдце“, и изнајдениот пандан, залудната работа, се компарира со *орање на матна вода* или *орање на морето* при што се открива *фрапантна сличност*. Во врска со вака поставените нешта, Конески пишува: „Можев да се информирам дека „орањето на морето“ е со спомнатото значење познат израз во шпанскиот и францускиот: Во овој случај совпаѓањето се објаснува лесно со еднаквиот опит и еднаквата ситуација во која се нашле двата лика – едниот од нашата епска традиција, другиот од живата историја на Јужна Америка во минатиот век.“

Феноменот на совпаѓањето упатува на една друга, различна појава, а тоа е влијанието. На ова прашање Конески не му приоѓа како на *механички процес*, според самата етимологија не зборот, и не како имитација, туку како процес на *духовно оплодување*. Во текстот „Излезе сејач да сее“ тој го свртува вниманието кон различните видови на можните контакти со што се покажува дека таквиот процес на духовно оплодување е „и посложен и поразнообразен, и понекогаш изненадувачки непредвидлив.“ Сложеноста, разновидноста и непредвидливоста зависат од ред услови кои можат да го допуштат влијанието на зборот. Во појаснувањето на оваа теза првенствено се употребува терминот *добра земја*, како основен услов, како фундамент: „Очевидно е дека добрата земја е активен чинител. Така и во литературата резултатно влијание ќе имаме само ако е оној што усвојува способен да го асимилира туѓуто по творечки начин. Но, и тоа не е единствен фактор, иако е најважен, бидејќи многу може да значи моментот и целосната ситуација во која се реализира контактот, исто како што добрата земја дава обилен плод зависно од атмосферските услови. И токму тука доаѓа до израз и она што е тешко предвидливо и што го донесува дури и случајот.“ Во оваа смисла Конески соопштува и една *импресија* која потсетува на една далечна врска со инспирацијата и преокупациите на нашите простори.“ Ја имам на ум, пишува тој, позната песна на Бранко Миљковиќ, посветена на Охридските трубадури, која почнува со зборовите: „Певајте дивни старци“, а како рефрен го повторува моќниот стих: „Исто је певати и умирати“. Тоа што е песната врзана за охридскиот амбиент и за македонското пеење, ме тера да се потсетам на крајните стихови на „Т’га за југ“ од Константин Миладинов: „Таму по срце в кавал да свирам, с’нце да зајдвит, јас да умирам“. Се разбира, сосема различни пораки носат двата текста, различно звучат, не може да има збор за некаков влијание во популарна смисла, а сепак ме починува интуици-

јата, дека невиниот тажен пасторален поим на македонскиот поет оплодил во силниот гномичен исказ на српскиот поет.“

Кога станува збор за влијанијата, Конески се задржува и на одредени конкретни појави во македонската литература. Како што е познато, во еден период таков беше примерот со творештвото на Федерико Гарсија Лорка. „Суштествено е тоа што воздејството на Лорка“, вели Конески, „не останува во границите на индивидуалниот опит на одделни македонски поети, ами го побудува дејството на цела една поетика, со која доаѓаат до израз и ред автохтони изрази. Такво нешто може да се очекува тогаш кога зад контактот со туѓа поезија се открива сродно восприемање на светот при цел ред заеднички елементи во традицијата, т.е. кога подлогата значи припадност кон една културноисториска сфера. Дури да не дојде до израз во дадено време, при контактот меѓу две литератури во рамките на таква сфера, можат да се очекуваат слични резултати. Во нивниот развиток со оглед на комбинирањето на она што е општо во традицијата со новите стимули кои произлегуваат од исти центри на изразита

Олга и Веле Смилевски (СВП, 1989)

културна радијација. Од една ваква гледна точка може да се тврди дека воздејството на Лорка го забрзало откривањето на тоа што го барало веќе самата македонска поезија.“ Примерот со

Лорка го поткрепува наоѓањето дека современата македонска поезија го карактеризираат одлики од творештвото од медитерански тип. Меѓутоа, Конески се задржува и на еден друг пример кој по *обратно заклучување* треба да ја покаже важноста за културната сфера во дејството на литературните контакти: „Се работи за влијанието на Сергеј Есенин што во 50-те години по еден изразит начин се почувствува кај некои модерни поети (Ацо Шопов, Србо Ивановски, Михо Атанасовски и др.). Тоа влијание, макар колку забележливо, сепак остана во границите на индивидуалниот опит на одделните поети. Од него не се разви во македонската поезија една посебна поетика, што како активен принцип би причинила оживотворување на цели јазични слоеви и критичко усвојување на народното поетско наследство во рамките на нови синтези.“ Природно е што таквите појави остануваат како специфика во творештвото на одделни автори, во нивниот индивидуален творечки развој.

*

Цитатите се една од формите на песната палимпсест. Двете творби за Владимир Бурич, репликите со Едоардо Сангвинети, стиховите на Ерика Јонг во песната „Патот на поетот“ се дел од илустративните примери во овој однос. Со таква идеја во моите книги се објавени препевите на песните „Надгробна плоча на мистичниот странец“ од Жан Пол Гибер, „Само ти знаеш“ од Маноли Анагностаки, поентата од песната „Жешка жирафа“ од Станислав Гроховјак, „Автопортрет“ на Никита Станеску. Со поезијата на Марк Стренд за прв пат се сретнав во времето кога за мене, по своите теми и стилски постапки, беше актуелна поезијата што ја пишував во стихозбирките „Кафез“ и „Диши длабоко“. Се сеќавам, кога станува збор за поезијата на Марк Стренд, тоа беа препеви од Антун Шољан, во загрепското издание на книгата „Споменик“ која поетот ја објави во 1978 година. Потоа следуваа средби со поезијата на Стренд во избори, во списанија и антологии, во кои се повеќе ме освојуваше неговата творечка идеја за *Нов прирачник* на поезијата. Така направив 13 двостишија кои се обидов да ги вкомпонирам со 9 негови двостишија во заокружена поетска целина. Во мојот „Нов прирачник за поезија“, посветен на Марк Стренд, едно двостишие вели: „Ако човекот ја доречува песната / засекогаш ќе остане недоречен“. Да останеме на тој ирониски слој од кој мислам дека е вид-

лив арс-поетичкиот аспект или автореференцијалната димензија, при што би додал дека во моите песни поетот е ослободен од романтичарскиот ореол, тој не е демиург на нови светови, туку дел од еден конкретен свет обременет со многу прашања, дилеми и неизвесности. Се разбира, и со убавини.

*

Поетот може да си земе право да си „поигрува“ со различни стилови од различни автори и епохи, да се стави на испит, на самопроверка, и во таа творечка играрија да го чуе одгласот на оние што се повод за таквиот вид пеење. Поетот има право да викне во височините за да го чуе својот одглас. Кој не бил фасциниран од феноменот на одгласот? Височините се за самопроверка во одгласот кој е една моќна форма на создавање на песната палимпсест. Еве такви обиди од поетската книга „Час по поезија“:

ПОЕТСКАТА УМЕТНОСТ 1.

Да правиш од смртта сон, од секоја квечерина
Едно тажно злато, ете тоа е поезија
Сиромашка и без крај. И таа што ја наречуваме поезија
Се враќа како секоја зора и секоја квечерина.

Хорхе Луис Борхес

Сонот за смртта е бескрајна визија
Но кој ќе верува дека тоа е поезија
Ако од квечерината со проѕевка на мора
Ни се заканува темна, непозната гора?

ПОЕТСКАТА УМЕТНОСТ 2.

Нека твојот стих биде добра авантура
Што со утринскиот ветар измешана в занес
Летајќи милува полиња преполни со нане…
А сето друго е литература.

Пол Верлен

Да ја напуштиме оваа неподнослива бура,
Од другата страна се е литература!
Таму долго ќе читаме во невиден занес
Пиејќи од Верлен подготвен чај со нане.

ПОЕТСКАТА УМЕТНОСТ 3.

Од раката есента го јаде својот лист:
ние сме пријатели.
Го лупиме времето од оревот и го учиме да оди:
времето се враќа во лушпата.

Паул Целан

Време е да и се препуштиме на есента:
таа ги знае своите пријатели.
И се враќаме зајатчени во зрел орев
Подготвен да биде скршен од времето.

Гане Тодоровски, Димитар Солев, Веле Смилевски,
Тодор Чаловски и Петре М. Андреевски (2000)

*

Додека ја пишував поемата „Век за самување“ бев преокупиран со верувањето дека сите ние имаме свој век кој не секогаш се поклопува со животниот век или со било кој век меѓу вековите. Секој од нас има свој век за радости, за страдања, за бегства и враќања, секој од нас има свој век со самици, век за

молк и вознес, за смеа и плач, век за пишувања долги, бескрајни писма, век за раѓања, за умирања и повторни раѓања, секој од нас има свој век за самување. Мојот „Век за самување“ е прелудиум на *благото успение* од ракописот на ноќта во книгата на *Судниот Ден* и затоа велам: *Сега сум прогонет во себе*. Колкава е големината на тоа Сега во Вечноста и колку е невидлива Вечноста во ова Сега? Преокупација која своите корени ги има во стихозбирката „Забранета книга“.

Секоја книга има своја судбина. Таа судбина е поврзана со судбината на поетот кој во песната го наоѓа нужниот дел од освоената слобода за кажување на доживеаното. Со таа и таква слобода упорно патувате кон станицата во пустина за да го слушате гласот, на пример, на Јосиф Бродски. Таа станица во пустина не е крајот. Таа станица во пустина е почеток на Нова Песна.

Јован Поповски, Божин Павловски, Радован Павловски,
Јован Павловски и Веле Смилевски (1972)

ПОЕЗИЈА

ПОЕТИ ВО ПУСТИНА

Поети во недогледна пустина од време
се довикуваат.
Едниот, без кој Тројанската војна
ќе беше само кратка порака од едно минато време
до нашево,
колку да знаеме
дека и пред нас постоел некој, како на пример Ахил,
врз кој треба да биде истурен нечиј гнев.
Дека и пред нас имало убавина,
како на пример убавината на Елена,
дека и пред нас имало изневерувани,
како на пример Менелај,
дека и пред нас имало победени,
како на пример Тројанците.
Другиот, кој го опеваше Другиот Тигар,
седи во својата библиотека
замислувајќи дека е Вавилонската.
Стојат така поетите, а милениуми помеѓу нив.
Ја препознаваат единствено светлината
од другата страна на мракот
и лицето на Другиот.
Хомер го гледа Борхес, Борхес го гледа Хомер.
А нив никој не може да ги види.

СОВЕТОТ НА КАНДИНСКИ

Боите имаат специфична тежина
во твојата песна напластена со пожолтени лисја,
влажна како доцна есен.
Веројатно настанува на ист начин
како што настанува и апстрактна слика
само што ти им служиш на зборовите – бои,
а јас на боите – зборови.
Ако ја најдеш психичката моќ на зборот,
како што јас ја наоѓам психичката моќ на бојата,
вагата на спектарот ќе биде рамносилна.
Сината има тежина и не може да оди високо
жолтата, пак, е лесна,
зелената е мирна, а црвената – свртена кон себе.
Но, тоа дури и не е важно.
Најважно е да застанеш
пред бескрајната белина на листот,
со истата мисла со која јас застанувам пред штафелајот:
Уметникот не е дете на среќата:
тој нема право да живее без обврски,
тој мора да се погрижи за тешката задача,
која честопати е и негов крст.
Заради таа мисла прстите ги повлекуваат линиите
онака како што ги повлекуваат.
И тогаш
од апстрактното
се појавува Друга Стварност
за која, сите велат: била само наша.

ПЕСНАТА КОНТИНЕНТ

Сега ти си предмет на самата себе
а не континентот за кој пееше.
Ќе те сонуваат морепловците
облечени во кожата на Колумбо.
Долго и упорно
во твоите пораки
ќе ги бараат остатоците
на идеалната држава
од која поетите
одамна се протерани.

Сега тебе ќе те откриваат
како копно
што може да се стопи
да се претвори во капка
и да се изгуби во Океанот.
Кој ќе верува дека тоа е солза
на оние кои со плач
те погребувале во илузиите
на протераните поети?
Си исчезнала за да бидеш
Песна Континент
Атлантида
на вечната потрага.

Сега ти си предмет на самата себе
Песна за Песната
Со Свој Колумбо во себе
кој верува дека на светот
сé уште му е потребна
Поезијата.

ЗАДОЦНЕТА ПОРАКА НА АДАМ И ЕВА

Најпрво, да ве ослободиме
од чувството на вина за првороденият грев:
Никој никому ништо не му згреши.
не му згрешивме ние на Бога што пробавме плод
од дрвото на познанието
ниту Он нам ни згреши
што нé изгони од Еденската градина
заради таа неважна случка.
Второ, да ви го наметнеме чувството на вина
за првороденият грев:
Не каснавме од плодот на дрвото на познанието
затоа што нé подлажа змијата
туку за да ве создадеме вас.
И, на крајот, неколку зборови за животецот:
Сеопштата историја на постоењето
е само песна пишувана од Бог.
Затоа, како споменати во една песна,
не гледајте на сопствените животи
како на букви
дефинитивно исклесани
во каменот на иднината.

ПОСТ-ЕСХАТОЛОШКА ПЕСНА

По Потопот...
Но не по оној потоп пред кој Боговите
ќе му кажат на Утнапиштим да направи брод,
па по шест дена и шест ноќи
да бара сува земја.
По Потопот...
Но не по оној потоп
пред кој Бог му се јавил на Ное
и му рекол да изгради кораб
па во него да стави по еден пар од секоја плот
за да се сочува сé што на Земјата и претходно било.
По Потопот...
Но не по оној потоп пред чиј почеток
Боговите ќе ги известат Пира и Девкалион,
та тие да направат ковчег
да се закотват со него на планината Паркс
и потоа да ги фрлаат зад себе
коските на својата мајка,
да фрлаат преку рамо камења
- коските на мајка си Земја -
и од нив да настануваат нови луѓе.
По Потопот...
По вистинскиот Потоп
можеби одново ќе бидеме создадени
затоа што, ако не е така, ќе нема кој
да ги раскажува есхатолошките митови.

Веле Смилевски

СОДРЖИНА

П О Р Т Р Е Т

5 Портрет на писателот Веле Смилевски
6 Веле Смилевски (Био-библиографски преглед)

О С В Р Т И

15 Георги Старделов
Новиот истражувачки дух во поезијата
23 Матеја Матевски
Песна загледана во себеси
29 Раде Силјан
Реч за Веле Смилевски
36 Санде Стојчевски
Магијата на обичното и светото

К Р И Т И Ч К И Ф Р А Г М Е Н Т И

45 Влада Урошевиќ
47 Луан Старова
50 Сретен Перовиќ
52 Ефтим Клетников
54 Бранко Цветкоски
56 Тодор Чаловски
58 Миодраг Друговац
60 Сава Хержман
62 Данило Коцевски
65 Билјана Ангеловска

П Е С Н А Т А П А Л И М П С Е С Т

69 Песната палимпсест (Арс поетички белешки)

П О Е З И Ј А

97 Поети во пустина
98 Советот на Кандински
99 Песната континент
100 Задоцнета порака на Адам и Ева
101 Пост-есхатолошка песна

РАСТ – Списание за книжевност, уметност и култура

Издавач: Битолски книжевен круг – Битола
Ул. „Ленинова“ бб, 7000 Битоа
Жиро-сметка: 500000000616559
Даночен број: 4002008505311
Депонентна банка: Стопанска банка а.д. Битола

За издавачот
м-р Зоран Пејковски

Компјутерска обработка:
Весна Мундишевска-Велјановска

Дизајн на корица:
Миле Атанасоски

Печати:
„Графопром“ – Битола

Тираж:
300 примероци

Битола, декември 2015 г.

Прилози се испраќаат на e-mail адресата на списанието spisrast@yahoo.com во фонт Times New Roman со кирилична поддршка, големина 12 и единечен проред.

Првиот број на „РАСТ“ излезе од печат во 2001 год.

ISSN 1409–9330 **УДК 82+7+008**